ВОЈУВАЛИШТЕ – ПОЛЕ НА ПРЕЖИВУВАЊЕ | ШКОЛСКИ БОРБЕН АВИОН „L-39NG“ | ВОЕНИОТ МУЗЕЈ НА БАНГЛАДЕШ | „JUNKERS JU 290“

# ШТИТ


Број 183
Јануари 2025

ISSN 1857-6710


**МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**



ПРЕДНОВОГОДИШЕН КОНЦЕРТ НА ВОЕНИ ОРКЕСТРИ

## „Заедно посилни во хармонија на звуците“









# „Заедно посилни во х

Под мотото „Заедно посилни во хармонија на звуците“, припадниците на оркестарот на Армијата со музичари од оркестрите на вооружените сили на Франција, Унгарија, Италија и САД, под диригентската палка на потполковник Горан Илијевски, на 17 декември во Македонската филхармонија го одржаа традиционалниот предновогодишен концерт. По интонирање на државната химна, аудиториумот во исполнетата сала имаше можност да проследи синхронизирана изведба на повеќе нумери од повеќе светски и македонски композитори. Концертот на воените оркестри од сојузничките земји, како и од земјите од регионот и пошироко, прерасна во проект во рамките на меѓуармиската соработка, кој традиционално се изведува неколку години во пресрет на Нова година или на некој друг државен празник, претставувајќи го силното партнерство и трајните врски на пријателството и соработката. Предновогодишниот концерт го проследија претседателката и врховен командант Гордана Силјановска Давкова,  министерот за одбрана Владо Мисајловски, началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, министри во Владата, пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, претставници на дипломатскиот и



# армонија на звуците”

воено-дипломатскиот кор акредитирани во Република Северна Македонија, активни и пензионирани генерали на Армијата, припадници на Министерството за одбрана, Генералштабот и командите на Армијата и други гости. Воениот оркестар на Армијата изминативов период има реализирано голем број концерти, а многупати и во останатите градови во Републиката. Особено забележителни беа настапите на воените оркестри од армиите на: Република Северна Македонија, Албанија, Хрватска и Словенија во 2023 година; настапот со воениот оркестар на ВС на Албанија по повод 30-годишниот јубилеј на Армијата; трилатералниот предновогодишен концерт со воените оркестри на Албанија и Хрватска во 2019 година, кога беше и заедничкиот концерт на пет воени оркестри во рамки на активностите за одбележување на „Недела на НАТО“, каде изведби имаа оркестарот на Армијата на САД за Европа, Грција, Словенија и Обединетото Кралство; трилатералниот концерт во 2018 година со воените оркестри на вооружените сили на Република Бугарија и Војската на Црна Гора, а претходно забележителен настап имаа и со воениот оркестар на Република Турција во 2014 година.

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:
м-р Ксенија Митева
(лектор)
Александар Атанасов
(технички уредник на овој број)

Печати:
„Винсет графика“ – Скопје





10
Комитети и работни тела во НАТО (COEC & CP & VCC & AC)

28
Мултинационалната вежба „Maple Arch 24“

# содржина

ШТИТ | година XVII | број 183 | јануари 2025

ИНФО
**Брифинг за борбената готовност на Армијата** ........ 6

На прва линија
**Реформа на системот за национална безбедност (втор дел)** ........ 10

Глобал
**Обезглавувањето на „Хамас“ – крај на насилствата или нов регионален конфликт** ........ 14

Воена едукација
**Влијанието на бушидо врз воената култура** ........ 17

**Војувалиште – поле на преживување (5)** ........ 22

ИНФО Армија
**Годишно реферирање за статусот на борбената готовност** ........ 25

Вежба
**Мултинационалната вежба „Maple Arch 24“** ........ 28

ИНФО Армија
**Учество на прославата по повод Националниот ден на Романија и примопредавање на должност на водот во Романија и Бугарија** ........ 32

Вооружување
**„Iron Sting“ – израелски вооружен систем** ........ 36

**„Junkers Ju 290“** ........ 38

Аеродневник
**Едрилица „Рода“ („Штрк“)** ........ 46

Воени музеи
**Воениот музеј на Бангладеш** ........ 48

Лидери
**Бернард Монтгомери Челичниот генерал кој го смени текот на војната** ........ 52

Уметниците и војната
**Малиот бојаџија Тинторето** ........ 54

Филм
**„Хемингвеј и Гелхорн“** ........ 56





34
Школски борбен авион „L-39NG“

41
„Штит – симбол на сила и тактика




„ШТИТ“
е магазин на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот и на web-страницата на Министерството за одбрана
https://mod.gov.mk/штит

КОН ОВОЈ БРОЈ

ПИШУВА:

**д-р Жанет РИСТОСКА**
Главен и одговорен уредник

# *Отворено и транспарентно и во новата година*

*Министерството за одбрана и Армијата, како субјекти на системот за одбрана на нашата држава, и изминатава година високо котираа на листата на институции со највисока транспарентност и отчетност во јавноста и најголема доверба и почит кај граѓаните. Ова, секако, се должи на исклучително добрата соработка со медиумите како најзначаен фактор за формирање на јавното мислење. Прва и основна премиса на медиумското известување е да објавува проверени и објективни информации коишто, секако, ќе ги добива од релевантните лица задолжени за односи со јавноста во рамките на институциите.*

*Во Министерството за одбрана и во Армијата се вработени лица кои се грижат за добра соработка и за објективно информирање на јавноста за сите активности во рамките на Министерството и Армијата. Соработката со новинарите е исклучително добра и сите активности транспарентно се споделуваат со медиумите.*

*Кон крајот на изминатата година, министерот за одбрана Владо Мисајловски ги покани претставниците на медиумите кои се задолжени за секторот одбрана на заедничко дружење, а воедно и за да одговори на нивните прашања и да ги најави планираните проекти за наредниот период. На заедничката средба со уредниците и новинарите кои ја следат одбраната, која се одржа во просториите на Домот на Армијата во Скопје, министерот, пред присутните ги презентираше трите приоритетни столбови на кои почива одбраната и Армијата, а тие се стабилното буџетирање, интензивната модернизација и опремување и развојот на човечкиот капитал. Исто така, министерот Мисајловски најави дека во 2025 година Армијата ќе се подмлади со 300 нови професионални војници, со што, како што рече, се подобрува и борбената готовност. На заедничката средба на која учествуваа и началникот на Генералштабот на Армијата, генералот Сашко Лафчиски и заменик-министерката за одбрана Елфет Исмаили, министерот порача дека заеднички донесената одлука во НАТО за одвојување на 2 проценти од БДП за одбрана е испочитувана, а одредбата за одвојување на 20 проценти од одбранбениот буџет за модернизација е надмината. „Одбранбениот буџет за 2025 година изнесува 329 милиони евра, од кои над 32%, односно над 106 милиони евра се наменети за модернизација и опремување на Армијата. Гледано во однос на 2024 година, тоа се 18 милиони евра повеќе за оваа намена“, изјави министерот Мисајловски.*

*Министерот ги информираше присутните уредници и новинари и за сите проекти за модернизација на Армијата, при што посочи дека набавката на оклопните возила „JLTV“ќе биде во текот на оваа година, додека истовремено во Армијата треба да пристигнат и оклопните возила од типот „Stryker“. Во 2025 година ќе пристигнуваат и артилериските системи „Боран“, системите за противвоздушна одбрана „Мистрал“ и друга придружна опрема. Во однос на човечкиот капитал, министерот информираше дека до крајот на 2024 година, 99 проценти од сите побарувања во согласност со Колективниот договор, Законот за вработени во одбраната и Законот за служба во Армијата се исплатени, и дека и во 2025 година ќе продолжат да се почитуваат сите обврски кон вработените. Министерот Мисајловски им се заблагодари на претставниците на медиумите за нивниот интерес и за конструктивноста и порача дека Министерството останува целосно отворено и транспарентно кон јавноста преку добрата соработка со претставниците на медиумите.*

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит

Ставовите содржани во написите
на надворешните соработници не ја
презентираат официјалната политика
или ставовите на Министерството за одбрана.

ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

zanet.ristovska@mod.gov.mk, stit@mod.gov.mk





# Брифинг за борбената готовност на Армијата

Претседателката и врховен командант на Вооружените сили, Гордана Сиљановска Давкова, кон крајот на годината беше информирана за состојбата и реализацијата на плановите и задачите за тековната година кои влијаат на борбената готовност на Армијата. На брифингот, генерал-мајор Сашко Лафчиски, пред претседателката Сиљановска, министерот за одбрана, Владо Мисајловски, генералите во Армијата и претставниците од Кабинетот на претседателката и министерот, ја презентираше состојбата во Армијата според функционалните области кои се дел од борбената готовност. На годишниот брифинг пред воениот врв беа презентирани реализираните задачи и достигнувања на Армијата во 2024 г., при што беа опфатени следниве области: персонален менаџмент и морал, заштита на силите, операции во земјата и во странство, обука и вежби, логистичка поддршка, воено планирање и структура на силите, врски и комуникации, буџетирање и цивилно-воена соработка. Во своето излагање, генералот Лафчиски истакна дека Армијата во 2024 г. успешно ги реализираше сите предвидени задачи и борбената готовност е на потребното ниво. Армијата имаше навремена реализација на активностите со планираната динамика во процесот на трансформацијата, со тежиште на спроведување на процесот на модернизација во однос на развој на капацитетите и НАТО целите на способности, изведување на обуката во согласност со НАТО стандардите и



актуелните безбедносни предизвици. Со учеството на припадниците на Армијата во операциите предводени од НАТО, ЕУ и ОН, испраќаме јасна порака за силната посветеност во одржувањето на мирот и стабилноста. Припадниците на Армијата во континуитет демонстрираат висок степен на обученост, посветеност и интероперативност со сојузничките и партнерските армии, со учество на повеќе меѓународни вежби во земјата и во странство, меѓу кои и вежбата „Maple Arch 24“, вежба на која бевме домаќини. На брифингот, претседателката Сиљановска Давкова истакна дека припадниците на Армијата во континуитет ја докажуваат својата професионалност, дисциплина и подготвеност, успешно извршувајќи ги своите задачи и гарантирајќи ја безбедноста, стабилноста и националната одбрана. Претседателката ги реафирмираше нејзините заложби за продолжување на процесот на модернизација на Армијата и инвестиции во човечки капитал, потенцирајќи дека благодарение на посветеноста на македонските војници и офицери, нашата држава беше и останува силен и доверлив партнер во регионалната и глобалната безбедност. Таа го поздрави придонесот на македонската армија во колективната безбедност и безрезервниот ангажман во справување и гасење на пожарите во земјава. Претседателката констатираше дека фактот што Армијата ужива највисока доверба и углед кај граѓаните, го потврдува нејзиниот кредибилитет и дигнитет во земјава и во странство. Министерот Мисајловски на брифингот потенцираше дека и следната година инвестирањето во одбранбените капацитети за потребите на Армијата, во персонал, во нова современа опрема и во инфраструктурата, ќе продолжи со зголемен интензитет. Тој додаде дека со предвидениот буџет за одбраната ќе се овозможи да се реализираат плановите за одбраната, а со тоа Армијата, која е еден од најважните столбови на државата, ќе биде секогаш подготвена да одговори на задачите и предизвиците. Министерот Мисајловски истакна дека безбедноста на граѓаните и на државата, како и придонесот во колективната безбедност, се од особена важност за континуиран просперитет на државата и дека од позиција на министер ќе го даде својот максимум за развој на македонската армија.



# Горди сме на нашите мировници и се грижиме за нивните семејства

Претседателката и врховен командант на Армијата, Гордана Сиљановска-Давкова, министерот за одбрана Владо Мисајловски и началникот на Генералштабот, генерал-мајор Сашко Лафчиски, на 28 декември, во касарната „Страшо Пинџур“ во Петровец, преку видеоконференциска врска разговараа со македонските мировници ангажирани во мировни мисии и операции во странство.
Во присуство на стотина членови на семејствата на мировниците, претседателката Сиљановска-Давкова истакна дека е горда на припадниците на Армијата кои се во миротворни мисии, но дека е уште погорда на нивните семејства и дечиња. „Навистина, многу му благодарам на министерот за одбрана, бидејќи ова што се случува овде нѐ спојува со нивните родители и мислам дека нема да има погорди од нив на своите татковци во мисиите“, рече претседателката. Сиљановска-Давкова им порача на мировниците да ја завршат работата професионално и дисциплинирано и да се вратат здрави и живи.„Бидете во постојан контакт со нас и со вашите семејства и бидете сигурни дека во ваше отсуство ние ќе се грижиме за нив. Нашите мисли се со вас. Она што го правите навистина е за огромен респект. Од срце ви посакувам најубава 2025 година, вам, на вашите дечиња, на вашите семејства“, рече претседателката.Началникот на ГШ, генералот Лафчиски порача дека на овој традиционален настан семејствата на мировниците имаат можност да видат како Армијата се грижи за своите мировници. Преку видеоконференциската врска говореа претставниците на македонската Армија кои извршуваат задачи во мисијата на НАТО на Косово, КФОР, ЕУ операцијата во Босна и Херцеговина, АЛТЕА, мисијата на ООН во Либан – УНИФИЛ и мултинационалните сили на НАТО во Бугарија и Романија.
По неформалното дружење на семејствата на мировниците со претседателката Сиљановска-Давкова, министерот Мисајловски и генералот Лафчиски, на децата им беа поделени новогодишни пакетчиња. Предновогодишната активност беше заокружена со традиционалното пристигнување на Дедо Мраз со хеликоптер и поделба на пакетчиња на децата на припадниците на Армијата и вработените во Министерството за одбрана.

# Посветеност кон регионалната безбедност и стабилност




Министерот за одбрана Владо Мисајловски учествуваше на состанокот на министрите од земјите на  САД – Јадранската повелба во Тирана. „Дискусиите на овој министерски состанок на САД – Јадранската повелба се доказ за нашата силна посветеност во унапредувањето на безбедносната соработка и промовирањето мир, стабилност и добрососедски односи во нашиот регион“, рече министерот Владо Мисајловски во своето излагање на состанокот. Министерот, на работните сесии на состанокот порача дека од најголема важност за зацврстувањето на регионалната безбедност и стабилност е политичко-воената соработка на земјите од Балканот и посветеноста на земјите од Југоисточна Европа кон европските и евроатлантските интегративни процеси.  Соработката во рамките на групата „А5“, рече Мисајловски, е практична и испраќа јасна порака дека нашите народи сакаат да живеат во мир, безбедност и стабилност. САД – Јадранската повелба ја нарече успешен форум за консултации помеѓу земји со заеднички демократски вредности. Министерот Мисајловски повика на прагматичност во однос на можностите за заеднички активности, особено во справувањето со хибридните и сајбер-закани, кризниот менаџмент и справувањето со разни природни непогоди. Во однос на идните активности, министерот посочи дека земјите членки треба да продолжат со напорите за идентификување на нови можности за соработка, споменувајќи ги градењето на отпорност и сајбер-одбраната. Исполнувањето на Акцискиот план на САД – Јадранската повелба за 2024 година во една комплексна безбедносна состојба, рече тој, ја рефлектира нашата одлучност во проширувањето на опсегот на заедничката соработка. Министерот Мисајловски, заедно со останатите претставници од земјите членки на групата „А5“, потпишаа заедничка изјава после состанокот.

# Средба со командантот на КФОР





Министерот за одбрана Мисајловски и НГШ, генерал-мајор Лафчиски, оствария работни средба со командантот на КФОР, генерал-мајор Енрико Бардуани. „Армијата ќе продолжи да придонесува во мисијата КФОР, зашто на тој начин се зацврстува безбедноста и стабилноста во регионот. Тоа е исклучително значајно во овој период на нарушена глобална безбедност“, рече министерот Мисајловски на средбата. Мисајловски изрази задоволство што сите македонски контингенти кои биле дел од КФОР имаат одлична соработка со Командата, како и со припадниците од останатите земји во мисијата. „Заеднички придонесуваме за безбедноста на Косово, но и секојдневно учиме едни за други, ја развиваме интероперабилноста и покажуваме дека сојузниците сакаат Балканот да остане мирен, стабилен и безбеден“, додаде министерот. Тој се осврна и на македонскиот придонес во колективната одбрана, учеството во мултинационалните сили на НАТО во Романија, во Бугарија и во Латвија, придонесот во ЕУ операцијата АЛТЕА во БиХ и мисијата на ОН во Либан, УНИФИЛ. Генералот Бардуани,  се заблагодари за нашиот придонес во мисијата КФОР и рече дека оваа мисија е во функција на мирот и стабилноста на регионот. НГШ, генерал-мајор Сашко Лафчиски, исто така оствари средба со командантот на мисијата КФОР, генерал-мајор Бардуани. На средбата беше истакната одличната соработка помеѓу  Армијата и силите на КФОР во Косово, изразена преку  учеството на нашите единици во мисијата. На средбата, се разговарало и за безбедносната состојба во регионот и за понатамошните активности насочени кон унапредување на соработката за јакнење на регионалната стабилност и безбедност. Генералот Бардуани се запозна и со процесот на трансформација и модернизација на Армијата, со нашето учество во операциите и мисиите во странство и со активностите за поддршка на институциите при справување со кризи и со можностите за обука и вежби кои ги нуди АП „Криволак“.

# Брифинг со одбранбените аташеи

Во Регионалниот центар за односи со јавноста во Касарната „Гоце Делчев“ во Скопје се одржа редовниот годишен брифинг со одбранбени аташеи на кој се обратија министерот за одбрана Владо Мисајловски, НГШ, генерал-мајор Сашко Лафчиски и доајенот на Асоцијацијата на одбранбени аташеи, хрватското одбранбено аташе полковник Стјепан Домјанчиќ. Министерот Мисајловски во своето обраќање потенцираше дека брифингот, како и средбите кои се реализираат со одбранбените аташеи е јасен доказ за нашата посветеност на билатералната и мултилатералната одбранбена политика и соработка. „И мојата татковина, и државите кои ги претставувате се дел од еден глобален меѓународен поредок кој може да функционира и да ја гарантира безбедноста на своите граѓани само ако соработуваме искрено и посветено и ако имаме една цел пред нас – а, тоа е мирот, стабилноста и демократијата“, рече Мисајловски. Мисајловски се осврна и на идниот развој за одбраната и Армијата и одбранбениот буџет од кој 32 % се наменети за модернизација и опремување. „Споредено со 2024 година тоа се над 18 милиони евра повеќе за нова и модерна опрема, за посилна Армија, за посилна колективна одбрана во НАТО – Алијансата. Тоа е уште еден неоспорен доказ дека нашата држава е активен и посветен сојузник“, истакна министерот. Трите развојни приоритети во одбраната – стабилното буџетирање, засилувањето на процесот на модернизација и целосното почитување на правата и обврските кон вработените, успешно се реализирани, рече Мисајловски и додаде дека на ист начин ќе продолжиме да работиме и следната година. Генералот Лафчиски упати благодарност до одбранбените аташеи за помошта во градењето и модернизацијата на одбранбените капацитети преку билатералната соработка, но и преку многубројните вежбовни активности. „2025 година оваа поддршка, оваа соработка и со вас, меѓутоа онаа поддршка која ќе ја добиеме од Министерството и од Владата ќе биде уште повеќе изразена“, потенцираше тој.



# Средба со специјалниот претставник на ОК за Западен Балкан

Министерот за одбрана Владо Мисајловски во Министерството се сретна со специјалниот претставник на Обединетото Кралство за Западен Балкан, лорд Стјуард Пич, британскиот амбасадор во Северна Македонија, Метју Лосон и заменикот-началникот на штаб во Здружената команда на сојузничките сили во Неапол, генерал – мајор Џон Кларк. На средбата присуствуваше и НГШ, генерал-мајор Сашко Лафчиски. Британско-македонската одбранбена соработка е една од најсилните и највидливите, рече министерот на средбата и додаде дека „сега е време да размислуваме за можноста оваа наша соработка да ја издигнеме на ниво на стратешко партнерство“. Мисајловски порача дека одбранбената соработка помеѓу двете земји е особено видлива во развојот на најголемиот македонски полигон за обука, „Криволак“, каде беа реализирани голем број на заеднички вежби, а со поддршка од Обединетото Кралство беа поставени и 14 комплексни мобилни единици кои ја зајакнаа обуката на македонските и сојузничките сили. „Во време на нарушена безбедност на европскиот континент, од исклучителна важност е сојузниците во НАТО да се поддржуваат меѓусебно и заедно да се развиваат. Сета досегашна македонско – британска одбранбена соработка ја имаше токму таа цел“, рече министерот. ОК развојот на „Криволак“ го поддржа и со донација на електронски мети кои веќе се користат во обуката на овој армиски полигон.





# Реформа на системот за национална безбедност (втор дел)

Стратегиските принципи и цели треба да се поткрепат и да се поддржат со донесување на правен акт – Закон за уредување на системот на национална безбедност, за да се обезбеди правна авторизација на обврските, на правата и остварување соодветен демократски надзор. Што се однесува до Разузнавачко-безбедносната заедница (РБЗ), како многу важен потсистем на СНБ, во првиот дел од трудот констатиравме дека беше направен обид да се подобри координацијата и соработката помеѓу разузнавачко-безбедносните служби, со донесување на Законот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница од 2019 година. Овие принципи и конкретно се применуваат во голем број на западни демократски држави, но и во државите со помлада демократија, слични на нашата. Така, за илустрација ќе наведеме податоци за држави од регионот, кои тоа го направија многу порано.

Изработката на нова стратегија за национална безбедност е неминовна и треба да се оствари во најкус можен рок. Новата стратегија за национална безбедност треба да го отсликува актуелното опкружување, актуелните закани и предизвици и сеопфатно да ги дефинира сите чинители, субјекти на системот за национална безбеност, во потесна и во поширока рамка, и да биде основа за градење на интегриран и координиран систем.

Во Р. Хрватска, уште во 2006 година е донесен Закон за безбедносно-разузнавачкиот систем, а во 2017 година и Закон за системот за национална безбедност, заедно со донесувањето на нова Стратегија за национална безбедност. Исто така, во Р. Србија уште во

2007 година е донесен Закон за уредување на основите на службите за безбедност, додека нивната нова Стратегија за национална безбедност ја донесоа во 2019 година. Сеопфатноста, интегрираноста и координацијата, како едни од главните принципи на поставеноста на СНБ, се постигнува токму со донесување на овие два суштински документи, Стратегијата за национална безбедност и Законот за уредување на системот за национална безбедност. Истакнуваме дека во современи услови, во услови на глобализација, на рушење на биполарниот свет каков што постоеше во 20 век, во услови на сè поинтензивно асиметрично и хибридно војување и појава на нови закани и предизвици, националната безбедност не е повеќе ексклузивно право и обврска само на одбраната, армијата, полицијата, системот за заштита, спасување и управување со кризи и разузнавачко-безбедносните служби. Секако дека овие важни субјекти на СНБ и понатаму се едни од носечките столбови, во потесна рамка, но во поширока рамка, треба да го нагласиме местото, улогата и значењето и на сите останати чинители на СНБ, како што се: здравствениот систем, во услови на пандемии; финансискиот систем, во делот на борбата против организираниот криминал и тајното незаконско финансирање; енергетскиот систем, во делот на обезбедување на стратешки енергенси, потребни за нормално функционирање на државата и за заштита на критичната инфраструктура; економијата и земјоделството, во делот на производството и обезбедување на основни продукти за живот и прехрана на населението; правосудниот систем, за обезбедување на владеење на правото, борбата против оргинизираниот криминал и корупцијата; царината и граничната контрола во услови на мигрански кризи; приватното обезбедување и други субјекти. Од тие причини, донесување и спроведување на стратегија за национална безбедност и на закон за уредување на системот за национална безбедност е надресорска обврска, задача на сите субјекти, а координацијата треба да се остварува на ниво на Влада и Претседател на државата. Во услови какви што се нашите, кога немаме донесено сеопфатна стратегија за национална безбедност и не постои закон за уредување на системот за национална безбедност, многу често се прави забуна на местото, улогата и особено на надлежностите за координација. Во уреден и поставен СНБ, многу јасно треба да се разликува што значи координација на елементите на СНБ, а што значи координација на субјектите на РБЗ. Тоа се две сосема различни работи и координации, кои се спроведуваат од различни тела.

Во оваа стручна анализа ќе кажеме неколку зборови и за механизмите за парламентарна контрола на работата на субјектите на СНБ. Во Собранието на нашата држава, за остварување на парламентарна контрола во СНБ се воспоставени: Комисија за одбрана и безбедност; Комисија за надзор над работата на АНБ и АР и Комисија за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите. Според расположивите информации и извештаи на Собранието, може да се согледа дека има уште простор за подобрување на ефикасноста на парламентарната контрола врз работата на РБЗ.

Но, освен надлежните комисии на Собранието, постојат и други законски можности за надзор, кои сè уште не се целосно искористени и воспоставени. Така, во согласност со Законот за АНБ, надзор над работата на АНБ, покрај комисиите на Собранието, надзор можат да вршат и Народниот правобранител на Република Северна Македонија; Дирекцијата за заштита на лични податоци; Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации; Државниот завод за ревизија; Советот за граѓански надзор, (во согласност со со Законот за следење на комуникациите), како и други органи според законот. Врз основа на досегашното искуство на пратениците во горенаведените комисии, може да се увидат и предлози дека надзорот на субјектите на СНБ, а со тоа и на субјектите на РБЗ, би било добро да се регулира со посебен закон за контрола и надзор. Тоа, исто така, може да биде едно од решенијата, но овој дел би можел да се вгради и во законот за уредување на системот на национална безбедност, за кој образложивме зошто треба да биде донесен.

Како заклучок, ќе констатираме дека регионот и светот како никогаш досега се соочува со војни, конфликти и закани, дел се конвенционални, а повеќето се асиметрични, хибридни, невоени или специјални војни. Нашата држава, исто така, е во таков регион во кој безбедноста и стабилноста на државите се оценува како кревка и подложна на влијанија. Многу подобро поставени и организирани државни безбедносни системи од нашиот, сепак имаат предизвик како успешно да се спротивставаат на сè поинтензивниот тренд на асиметрични закани. Од тие причини, државата мора да посвети поголемо внимание и да преземе конкретни мерки за целосно поставување и интегрирање на СНБ. Неговата недоволна итегрираност и координација помеѓу субјектите може да ја намали подготвеноста на субјектите за сеопфатно и успешно превенирање од заканите и опасностите, практичната заштита на државните институции и граѓаните за непосредна борба против носителите на непријателска дејност. Системот за национална безбедност, а со тоа и неговиот значаен потсистем – РБЗ, е коплексен, чувствителен и бара надпартиски и државен консензус и пристап од сите чинители.

д-р Златко Кузманов

**КЛУЧНИ ПОЕНТИ**

1. Системот за национална безбедност **не е целосно изграден** и **интегриран** и нема целосна **координација** помеѓу сите субјекти на системот.
2. Во најкус можен рок треба **да се донесе** нова **стратегија за национална безбедност** и **закон за уредување на системот за национална безбедност.**
3.Треба **да се прави разлика** помеѓу СНБ и неговиот специфичен потсистем РБЗ.
4. **СНБ е комплексен, бара надпартиски и државен консензус и пристап** од сите чинители, а координацијата треба да се остварува на ниво на Влада и Претседател на државата.



# Комитети и работни тела во НАТО (COEC & CP & VCC & AC)

Во оваа и во наредната статија, продолжуваме со претставување на сите комитети и работни тела во НАТО. Конкретно, во оваа прилика ќе бидат опфатени следните комитети: Комитет за операции и вежби, Комитет за пролиферација, Координативен комитет за верификација и Архивски комитет.

**Комитетот за операции и вежби (Council Operations and Exercise Committee – COEC)** се занимава со подобрување на политики и процедури за управување со кризи од страна на Алијансата, со цел поддршка на консултативните и одлучувачките улоги на Северноатлантскиот совет за време на кризи. Ова вклучува формулирање, развој и унапредување на процедурите за одговор на кризи на НАТО, особено оние поврзани со планирање на операциите, образованието и обуката на персоналот и консултативните тела во седиштето на НАТО. Комитетот за операции го презема водството во организирање годишни вежби за управување со кризи за да го тестира процесот на донесување одлуки на Алијансата како реакција на кризна ситуација. Како и во другите комитети, сите земји-членки се застапени и во овој комитет со свои претставници. Нејзината работа е главно поддржана од оперативниот сегмент во НАТО, а може да добие поддршка од други тела во зависност од прашањето, вклучително и од Меѓународниот воен штаб и стратешките команди.

**Комитетот за пролиферација (Committee on Proliferation – CP)** претставува високо советодавно тело на Северноатлантскиот совет за сензитивното прашање во однос на ширење на оружјето за масовно уништување и поврзување со системите за нивна испорака. Под негова надлежност спаѓа и одбрана од закани со хемиско, биолошко, радиолошко и нуклеарно оружје. Се дискутира за развој на политиките и воените способности, се споделуваат информации и координација со цел да се обесхрабри ширењето на оружјето за масовно уништување заради заштита на населението, територијата и силите. Комитетот за пролиферација бил создаден после реформата во јуни 2010 година, заменувајќи ги: Senior Politico-Military Group on Proliferation, Senior Defence Group on Proliferation и Joint Committee on Proliferation. Се состанува во два формати, политичко-воен и одбранбен, со следните учесници: пленарни сесии (претставници од главните градови на земјите-членки), редовни состаноци на претставници од постојаните делегации на НАТО во Брисел и во форма на консултации со партнерите на НАТО. Со двата формати претседава помошник генерален секретар за политички прашања и безбедносна политика на Меѓународниот штаб на НАТО. Комитетот има надлежност во однос на заканите и предизвиците кои произлегуваат од ширењето на оружјето за масовно уништување, како и на меѓународните дипломатски одговори по однос на оваа прашање. Во одбранбениот формат се дискутира и одлучува за развојот на воените капацитети потребни да се обесхрабри ширењето на оружјето за масовно уништување со цел да се одвратат заканите и за употребата на такво оружје. Во блиска иднина мора да се преземат енергични и сеопфатни чекори за да се обесхрабри понатамошното стекнување на капацитети за нуклеарно оружје или ќе се случи забрзано зголемување на бројот на нации вклучени во програмите за нуклеарно оружје.Под покровителство на оваа комисија се одржува годишна конференција на НАТО за оружје за масовно уништување со цел контрола, разоружување и неширење на ваквото оружје. Конференцијата опфаќа широк спектар на земји кои не се

членки на НАТО, вклучувајќи голем број на партнери од целиот свет, од Азија и Пацификот. Во просек околу 150 учесници од повеќе од 50 земји присуствуваат секоја година.

**Координативниот комитет за верификација (Verification Coordinating Committee – VCC)** е одговорен за координирање и давање препораки за сите прашања во однос на верификација на контролата на конвенционалното оружје, кои се договорени од земјите во рамките на Алијансата. Комитетот за верификација е форум на кој може да се координираат националните планови за да се осигура дека мерките за кооперативна верификација се спроведуваат без дуплирање на националните напори и колективните ресурси на земјите од Алијансата. Додека овој комитет е одговорен за координација на Алијансата за спроведување и верификација на контролата на оружјето, политиката за контрола на вооружувањето е формулирана во рамките на Работната група за контрола на конвенционалното оружје. Со Координативниот комитет за верификација претседава помошник генерален секретар за политички прашања и безбедносна политика од Меѓународниот штаб во седиштето на НАТО во Брисел. Се состанува по потреба и работи во различни конфигурации и на различни нивоа: на пленарни сесии, работни групи, експертски групи, семинари и работилници. Учесниците може да вклучуваат експерти од министерствата за надворешни работи и за одбрана, како и експерти од единиците за верификација. Координативниот комитет за верификација е создаден во 1990 година за време на преговорите во врска со Договорот за конвенционални вооружени сили во Европа помеѓу земјите членки на НАТО и членките на Варшавскиот пакт.





**Архивскиот комитет (Archives Committee – AC)** му помага и го советува Северноатлантскиот совет за сите архиви и прашања поврзани со евиденцијата за да обезбеди зачувување и јавен пристап до информациите од постојана вредност што се чуваат во Архивите на НАТО. Тоа е единственото тело задолжено за одговорности на ниво на НАТО поврзани со корпоративното управување со евиденцијата и архивите на Алијансата. Формално Комитетот за архиви е формиран во 1999 година и има мандат да одржува, спроведува и ажурира евиденција и архивски политики и процедури низ НАТО, преку управување и зачувување на записи и архиви, со цел да се осигура дека се исполнети сите барања кои произлегуваат од задачите на НАТО. Служи како примарен форум за размена и консултации за да се олесни дијалогот меѓу сојузниците за сите досиеја и архивски прашања. За да го поддржи тековниот ангажман на НАТО со јавноста, Комитетот за архиви ја подигнува свеста за архивското наследство на организацијата преку зачувување и јавно објавување на записи со трајна вредност поврзани со еволуција на НАТО, неговите мисии, консултации и процесот на донесување одлуки. Комитетот за архиви директно известува до Северноатлантскиот совет преку годишен извештај. Вообичаено се состанува еднаш годишно, но и почесто доколку се појави потреба. Сите земји на НАТО се претставени на состаноците или со членови на делегации, високи функционери или високи национални архивари. Сите записи на НАТО со постојана вредност се пренесуваат во Архивата на НАТО.

Архивскиот комитет, исто така, го надгледува дигиталното стекнување и дигиталното зачувување на електронските записи со постојана вредност низ НАТО. Прегледот на декласификацијата и јавното обелоденување преку Комитетот за архиви има цел да ја поттикне транспарентноста и да го зголеми разбирањето за улогата на Алијансата, со тоа што ќе ги направи достапни записите на НАТО преку Програмата за јавно обелоденување. Преку оваа управувана и координирана програма се идентификуваат 30-годишните записи со постојана вредност и се предлагаат за декласификација и преглед на јавно обелоденување. Ад-хок барањата направени од надлежните органи во земјите членки за јавно објавување на записи стари помалку од 30 години, исто така се одговорност на Архивскиот комитет.

Драган Павловски



# Обезглавувањето на „Хамас“ – крај на насилствата или нов регионален конфликт

На 16 октомври 2024 година, Израел успеа да ја реализира својата мисија – елиминирање на лидерот на „Хамас“, Јахја Синвар, човекот којшто е обвинет дека е еден од организаторите на терористичките напади врз Израел на 7 октомври 2023 година.

Иако смртта на Синвар е огромен удар за „Хамас“, тоа не значи крај на терористичката организација. Хамас објави дека ќе продолжи со борбите, нагласувајќи дека убиството на нивните лидери, вклучувајќи го и Синвар, не значи крај на нивното движење. Тие сметаат дека по овој настан „Хамас“ ќе биде уште посилен и попопуларен, а лидерите коишто го дале животот за организацијата ќе бидат икони за идните генерации кои треба да го продолжат патот кон слободна Палестина. И историјата покажува дека многу тешко може да се уништи одредено движење и отпор со елиминирање на лидерот. Во 1948 г., египетскиот премиер Махмуд Фахми ал Нукраши презеде драматичен чекор за забрана на „Муслиманското братство“, верувајќи дека ако групата се распушти, Египет ќе биде стабилна земја. Неколку години претходно „Муслиманското братство“ организираше атентати на премиерот и на поранешен министер за финансии и беше лидер во организирањето бунтови и насилство. Овој чекор на забрана за постоење на „Муслиманското братство“ предизвика уште поголемо насилство, што заврши со атентат врз египетскиот премиер Махмуд Фахми ал Нукраши. Голем број на поддржувачи на движењето беа уапсени и затворени, а во 1949 г. лидерот на „Муслиманското братство“, Хасан ал Бана, беше убиен. Денес египетската влада сè уште се обидува да ја елиминира групата. Дефинитивно може да заклучиме дека многу е тешко да се убие идејата, а уште потешко е да се спречи проблемот што го наметнува движењето на отпорот. Која е реалноста по убиството на лидерот на Хамас? Тоа е голема загуба и болка за неговите приврзаници, а Израелците го слават овој чин. Речиси од своето основање во 1948 г., Израел ја користи практиката за елиминирање на поединци за кои смета дека се закана за безбедноста на државата или за националните интереси, со дејства извршени од страна на израелската војска и разузнавачките служби. Во



јули 1956 г., Мустафа Хафез, шеф на египетското разузнавање во Појасот Газа и Салах Мустафа, египетски воено аташе во Аман, Јордан, беа убиени од бомби скриени во пакет. Според израелските разузнавачки служби, тие се одговорни за нападите на арапските федаини (членови на некои револуционерни милитантни движења, националноослободителни движења, герилски организации и групи) врз Израелците во областите што граничат со Египет.Во јули 1972 г., Гасан Канафани, водач на радикалната паравоена организација „Народен фронт за ослободување на Палестина", беше разнесен во автомобил во Бејрут, Либан. Израелските власти го сметаат за одговорен за терористичкиот напад на аеродромот во Тел Авив, во кој загинаа 28 луѓе. Помеѓу 1972 и 1992 г., израелската разузнавачка служба Мосад ја спроведе операцијата „Божји гнев" за да ги елиминира оние кои беа вклучени во атентатот на израелските спортисти на Олимпијадата во Минхен во 1972 година. Неколку членови на палестинската организација „Црн септември" беа убиени, вклучувајќи го и претставникот на ПЛО во Рим, Абдел Ваел Зујтер и високиот водач на „Црниот септември", Али Хасан Саламех. Операцијата „Божји гнев" била тајна операција на Израел и Мосад по минхенскиот масакар во 1972 г. кога биле убиени 11 олимписки натпреварувачи на Олимписките игри во Минхен. Целта на Мосад била ликвидирање на членовите на „Црн септември" и на „Палестинската ослободителна организација". Налог за оваа операција бил даден од страна на израелскиот премиер Голда Меир, есента 1972 година. Според поранешниот заменик-шеф на Мосад, Дејвид Кимче целта на



операцијата била постигнување на еден општ страв меѓу палестинските милитанти. Во април 1988 г., Калил ал Вазир (Абу Џихад), шеф на военото крило на Палестинското национално ослободително движење „Фатах", водечката политичка организација во ПЛО и заменик-лидерот на „Фатах", Јасер Арафат, беше убиен од израелски командоси во неговата резиденција во Тунис. Од страна на Израелските власти е обвинет дека организирал бројни терористички напади против Израелците. Во февруари 1992 г., генералниот секретар на шиитската милитантна организација „Хезболах", Абас ал Мусави беше ликвидиран во јужен Либан. Конвојот со кој патувал бил погоден од ракетен напад од хеликоптер на израелското воздухопловство. Во март 2004 г., еден од основачите и духовниот водач на милитантната палестинска организација „Хамас", Ахмад Јасин, беше убиен во ракетен напад во Појасот Газа. Во април истата година, во израелски ракетен напад во Газа беше ликвидиран Абдел Азиз ал Рантиси, кој ја предводеше организацијата по смртта на Јасин. Во февруари 2008 г., Имад Мугние, шеф на безбедноста и член на Хезболах, беше убиен во напад со автомобил-бомба во Дамаск, Сирија. Израелците го сметаат за одговорен за многу терористички напади во кои загинаа десетици луѓе. Мугние беше на листата на 25 најопасни терористи на ФБИ. Во ноември 2010 г., Маџид Шахријари, еден од водечките ирански нуклеарни физичари и раководител на Катедрата за нуклеарно инженерство на Универзитетот „Шахид Бехешти" во Техеран, беше убиен во Техеран, Иран. Тој беше убиен од бомба поставена во неговиот автомобил. Во ноември 2012 г., во израелски воздушен напад е убиен Ахмед Џабари, командант на военото крило на „Хамас". Според Израел, тој е одговорен за повеќето напади против Израел извршени во Појасот Газа во периодот од 2006 до 2012 година. Во ноември 2019 г., Баха Абу ал Ата, водачот на палестинската милитантна организација „Исламски џихад", беше убиен во Појасот Газа. Тој и неговата сопруга беа убиени во ракетен напад врз нивниот дом од страна на израелските сили. Во ноември 2020 г., нуклеарниот физичар Мохсен Фахризадех беше убиен во вооружен напад во Абсард, Иран. Тој беше раководител на Центарот за научни истражувања и иновации во иранското Министерство за одбрана. Според западните разузнавачки служби, Фахризадех бил шеф на иранската нуклеарна програма и се сметал за еден од „архитектите" на

тајната воена програма за развој на нуклеарни боеви глави за балистички ракети. Според една од верзиите, убиството на научникот било извршено со помош на автоматска пушка, која била контролирана со сателит. Иранските власти соопштија дека израелските и американските разузнавачки агенции биле вмешани во смртта на Мохсен Фахризаде. На 2 јануари 2024 г., Салех ал Арури, заменик-шеф на Хамас, беше убиен во напад со беспилотно летало во предградијата на Бејрут. Според израелските медиуми, Ал Арури бил еден од организаторите на нападот на Хамас на израелска територија на 7 октомври 2023 година. На 11 март 2024 г., во израелски напад врз подземен објект во Нусејрат, Газа, убиен е Марван Иса, заменик-шеф на военото крило на Хамас. На 1 април 2024 г., израелските сили го нападнаа иранскиот конзулат во Дамаск, при што беа убиени високите ирански генерали Мохамад Реза Захеди и Мохамад Хади Хаџи Рахими, како и петмина офицери. Според иранските медиуми, Захеди командувал со единиците на специјалните сили „Ал Кудс“ во Либан и во Сирија. На 30 јули 2024 г., Фуад Шукр, висок воен советник на генералниот секретар на „Хезболах“, Хасан Насрала, беше убиен во ракетен напад на периферијата на Бејрут. Израелскиот премиер Бенјамин Нетанјаху изјави дека Израелците ја „елиминирале десната рака на Насрулах, кој е директно одговорен за масовно убиство на деца“. На 31 јули 2024 г., Исмаил Ханија, шеф на политичкото крило на „Хамас“, беше убиен во Техеран, како резултат на израелски ракетен напад. Тој во Иран бил поканет како гостин на инаугурацијата на претседателот Масуд Пезешкијан, која се одржа на 30 јули. На 20 септември 2024 г., за време на ракетен напад на израелските воздухопловни сили во Бејрут, беше убиен Ибрахим Акил, командантот на специјалните операции и елитната единица на Хезболах „Радван“, како и неколку други членови на командниот штаб на единицата. Акил стана вториот човек во шиитската организација по смртта на Фуад Шукр. Во април 2023 г., Стејт департментот објави награда од 7 милиони долари за информации за неговото место на живеење. Тој беше обвинет за вмешаност во бомбашкиот напад на американската амбасада во Бејрут во 1983 година. На 27 септември 2024 г., лидерот на шиитското движење Хезболах, Хасан Насрула, беше убиен како резултат на напад на израелските воздухопловни сили врз подземното седиште на организацијата на југот на Бејрут во Либан.

Во минатото, и покрај ликвидирањето на лидерите на терористичките организации од страна на израелските безбедносно-разузнавачки служби, во децениите што следеа, насилниот отпор никогаш не стивна, и покрај решителните чекори на израелските сили. Лидерите на терористичките организации „Хамас“ и „Хезболах“, Јасин и Насрала, беа убиени во воздушен напад, а нивните наследници не ја преиспитаа својата стратегија. Зошто убиството на Синвар би предизвикало поинаква реакција? Најверојатно следбениците на Хамас и без нивниот водач ќе продолжат да се борат, одмаздувајќи им се на своите непријатели, а смртта на Синвар ќе биде инспирација за уште поголем отпор. Во минатото, а посебно по терористичките напади на 11 септември, САД елиминираше неколку лидери на „Ал Каеда“ и „Исламската држава“: Осама бин Ладен, Ајман ал Завахири, Абу Мусаб ал Заркави, Абу Бакр ал Багдад и други. Меѓутоа, терористичките групи ги преживеаја овие удари. Тие денес постојат можеби во на толку опасна форма како претходно, но егзистираат за да ја продолжат идеолошката матрица на нивните лидери. Заменикот на Синвар, Калил Ал Хаја, се смета за кандидат кој ќе ја преземе лидерската позиција. Тој дејствуваше како главен преговарач за Хамас за време на разговорите за прекин на огнот во Каиро. Нешто повеќе од една година по масовните убиства на 7 октомври во Израел, „Хамас“ како организација е под голем притисок. Но, тоа не значи дека „Хамас“ како движење е елиминирано. Убиствата на неговите водачи ќе го зајакнуваат духот на отпорот, а незадоволството ќе мобилизира нови регрути. За многумина во Палестина и пошироко, Синвар ќе биде поздравен како маченик и икона на отпорот. Тој беше во редовите на „Хамас“ од неговото формирање, поминал 22 години во израелски затвор и ја презеде командата во Газа во 2017 година. Тој никогаш не се поколеба во своето верување дека Хамас ќе надвладее над блокадата, притворите и воените операции на Израел. Сепак, ќе бидат потребни месеци, можеби години, пред да видиме по кој пат ќе зачекори помладата генерација која ќе раководи со „Хамас“. Во меѓувреме, привремената политичка и воена команда на ослабената организација ќе се соочи со нивниот непосреден предизвик. Дали сè уште можат да преговараат за ослободувањето на Палестинците од израелските затвори и континуираното присуство на „Хамас“ во Газа, во замена за ослободување на израелски заложници, или мора да прифатат капитулација, протерување и израелска окупација. Премиерот на Израел може да објавува победа над Синвар, Ханије и Деиф, но победата над Хамас, особено ако Израел продолжи со отворена директна окупација во Газа, можеби нема да биде обезбедена. Тоа што Израел го елиминираше Синвар изгледа како големо достигнување, но со текот на времето терористичката организација ќе се регенерира и ќе продолжи да се спротивставува. Но, едно е сигурно, на војната во Газа, во која загинаа повеќе од 40000 луѓе, нема да и се стави крај. Земајќи ги предвид сите претходно наведени фактори, милитантните организации на Блискиот Исток нема да го намалат воениот притисок во Појасот Газа, а Израел ќе продолжи со сите сили додека не извојува апсолутна победа или окупација на територијата.

д-р Ненад Танески





# Влијанието на бушидо врз воената култура

За време на феудализмот во Јапонија, бушидо или „начинот на воинот“, долго време се почитувал како кодекс на чесно однесување во кастата на самураите. Во првата половина од 20 век, принципите на бушидо биле интегрирани во јапонското општество, и покрај напуштање на феудалниот систем и укинување на самурајската каста. Оваа филозофија одиграла голема улога врз подемот на јапонскиот милитаризам, обликувајќи ја идеологијата, вредностите и однесувањето на војската во јапонското општество.

Карактеристично за бушидо било дека тоа бил мошне флексибилен систем, креиран како збир на водечки принципи кои требало да се приспособат на различни околности. Самураите биле охрабрувани да користат сопствено расудување и дискреција кога ги применувале овие принципи во реални ситуации. Овие принципи немале посебен редослед по важност и меѓусебно се надополнувале: храброст или подготвеност за храбро и одлучно соочување со опасности; добронамерност или изразување сочувство, добрина и великодушност кон луѓето; непристрасност при постапување со луѓето; лојалност или посветеност на својот господар, семејството и заедницата; почитување на авторитетот, традицијата и социјалната хиерархија; самодисциплина или контрола над желбите и емоциите; чест или одржување на својот углед и достоинство по секоја цена; исправност или почитување на моралните принципи и поседување на силно чувство за правда; трпение или издржување на тешки ситуации со крајна смиреност; чесно однесување или пропишан бонтон во сите интеракции; самопожртвуваност за општото добро; упорност при поднесување на тешкотиите; искреност или зборување на вистината во секое време; мудрост или сфаќање и примена на моралните принципи во секојдневниот живот.
Кодексот бушидо бил под големо влијание на конфучијанизмот, шинтоизмот и зен будизмот, како и од учењата на јапонската литература и филозофија. Иако најпрвин бил развиен за самурајската каста, неговите принципи имале големо влијание врз јапонската култура и општество како целина. Овие вредности се сметале како суштински за доблесен живот на самураите и неопходни за да ја задржат честа на своето семејство. Тие се сметале за столбот на општествениот поредок и хармонија во јапонското општество. Потеклото и принципите на бушидо влечат корени од феудалниот период едо (1603 –1868 година), кога постепено се создал како морален кодекс кој го пропишувал однесувањето и обврските на самураите. Во кодексот бушидо најважни биле принципите кои ги воделе самураите

во нивните должности кон нивниот господар и земја. Овие правила биле кодифицирани во различни текстови, а најпознати се „Хагакуре“ и „Книгата на пет прстени“, во кои била истакната важноста на боречките доблести и духовната дисциплина на самурајот во потрагата по извонредност.
Во 1868 година во Јапонија се случува историски момент за земјата. Императорот Меиџи го укинал феудалниот систем и започнал со реформи за модернизација, индустријализација и трансформација на Јапонија во модерна нација-држава според западен модел. Во овој период филозофијата на бушидо доживеала повторно оживување, бидејќи јапонската влада, иако го укинала феудализмот, во него видела алатка како да се всади чувството на национален идентитет и лојалност кај граѓаните кон императорот и државата. Бушидо била промовирана како водечка филозофија за новата јапонска војска, нагласувајќи ги доблестите на послушност, лојалност и самопожртвуваност во служба на императорот и нацијата.
Подемот на јапонскиот милитаризам се случил во доцниот 19 и на почетокот на 20 век и се карактеризирал со растечко влијание на воениот естаблишмент во политиката и општеството. Принципите на бушидо одиграле централна улога во обликувањето на идеологијата на јапонската војска, обезбедувајќи морална рамка за експанзионистичките политики и империјалните амбиции. Милитаристите ја гледале Јапонија како воена нација, предодредена да ја потврди својата доминација во Азија, водена од идеалите на чест, должност и жртвување за нацијата. Тоа бил суштински дел од идентитетот на Јапонија, со длабоко влијание врз начинот на размислување на воените лидери и политичари. Под знамето на кодексот на бушидо, царската Јапонија започнала со серија воени походи насочени кон проширување на своето влијание и територија во Азија. Освојувањето на Кореја, анексијата на Тајван и инвазијата на Манџурија биле оправдани не само во името на националната одбрана, туку и во име на потрагата по слава. Јапонските војници биле индоктринирани со идеалите на бушидо, што во нив всадило чувство на непобедлив борбен дух и неприкосновена лојалност кон императорот. Почетокот на Втората светска војна се совпаднал со јапонскиот милитаризам, бидејќи Јапонија дотогаш веќе започнала со освојување на територии и воспоставување сфера на интерес во Источна Азија. Принципите на бушидо биле искористени за да се оправдаат актите на агресија, па дури и







злосторствата извршени од јапонските сили низ Азиско-пацифичкиот регион. Поимот „смрт пред срамот“, отелотворен во концептот на чесно самоубиство или „гиокусаи“ (скршен скапоцен камен), ги охрабрил јапонските војници да се борат до смрт наместо да се предадат, што довело до брутални и скапи битки како што се операциите низ островите во пацифичкото војувалиште.
Поразот на Јапонија во Втората светска војна го означил крајот на нејзините милитаристички амбиции и довел до распуштање на нејзините вооружени сили. Во повоениот период, бушидо бил подложен на процес на преоценување и реинтерпретација, бидејќи Јапонија, под сојузничка окупација го прифатила пацифизмот и демократијата. Додека милитаристичките аспекти на бушидо биле отфрлени, неговите етички вредности сепак продолжиле да влијаат на јапонското општество, обликувајќи ги поимите за чест, должност и самодисциплина и во повоената ера, но овојпат како културолошки дел од граѓанското општество. Влијанието на бушидо врз јапонскиот милитаризам во 20 век ја одразува сложената интеракција помеѓу историјата, идеологијата и националниот идентитет на една земја. Додека филозофијата на бушидо обезбедила морална рамка за експанзионистичките амбиции на царска Јапонија, таа, исто така, служела и како извор на инспирација и на лидерство за нејзините војници. И денес наследството на бушидо продолжува да одекнува во модерна Јапонија, служејќи како потсетник за трајното влијание на борбените доблести и етички принципи врз историските настани.
Иако специфичните културни манифестации може да варираат во различни војски и контексти, основните принципи на чест, должност, храброст и дисциплина опстојуваат и во други држави ширум светот како безвременски вредности кои го обликуваат етосот и идентитетот на воените организации. Исто како што филозофијата бушидо ја дефинирала воинствената култура на феудална Јапонија, овие заеднички културни елементи и во 21 век продолжуваат да влијаат и да го водат однесувањето и карактерот на модерните војски. Во организациската култура на денешните војски може да се препознаат многу сличности со етосот на бушидо од времето на царска Јапонија. Сите модерни војски, без исклучок, ги поддржуваат кодексите на честа и однесување, кои нагласуваат принципи како што се лојалност, храброст, интегритет и самопожртвуваност. Концептот на „воин“, кој ги нагласува доблестите на професионализмот, издржливоста и тимската работа, исто така резонира со духот на бушидо. Современите воени организации градат и негуваат етос на воин меѓу својот персонал за да се всади чувство на припадност, гордост и другарство при исполнување на заедничката мисија. Овие кодекси го водат однесувањето и очекувањата на припадниците на воената организација, со цел да поттикнат чувство на должност, дисциплина и морална одговорност. Исто како и самураите во феудална Јапонија, денешниот војник би требало да се стреми кон извонредност во секојдневната работа, за време на физичкото вежбање, при обука со оружје и при односот кон останатите припадници, а особено претпоставените старешини. Стремежот за професионално владеење и постојаното усовршување е белег на воената култура, што ја одразува посветеноста да се почитуваат највисоките стандарди на вештина, дисциплина и подготвеност. Лидерството во модерните војски се раководи од принципите кои се преклопуваат со оние на бушидо, како што е водење со личен пример, ставање на доброто на подредените на прво место и негување на меѓучовечките односи, почитување и доверба. Од воените лидери се очекува да ги спроведат овие принципи и да ги инспирираат своите војници да го постигнат својот целосен потенцијал. Споредбата на вредностите на Бушидо со кодексите на повеќе денешни војски открива интересни разлики и сличности во пристапот кон воената доктрина и моралот на војникот. Во услови на неизвесност, воените организации ја нагласуваат издржливоста и приспособливоста како суштински квалитети за успех.
Исто како што во минатото самураите храбро и решително се соочувале со опасностите на војувањето, така и современите војници се обучуваат да ги надминат пречките, да се приспособат на променливите околности и да истраат во извршувањето на нивните задачи. Етичкото војничко однесување е фундаментално начело на воената култура, бидејќи ја одразува многу важната посветеност на модерната војска за почитување на принципите за праведно војување. Од припадниците на војската се очекува да дејствуваат со интегритет и професионализам во секое време. Тие се должни да ги препознаат нивните одговорности и да ги поддржуваат вредностите и законите на својата држава. Првично, преку бушидо се промовирале вредности на чест и лојалност, фокусирани главно на воинот. Денес кодексите на однесување на современите војски содржат сличен елемент на лојалност кон државата и сојузниците, но со нагласување на идејата за хуманост и почитување на човековите права и законите на војната. Концептот на одговорност за своите постапки и одлуки може да се спореди со идејата за одговорност и етика кај современите војници, бидеји од нив се бара да ги почитуваат меѓународните закони. Аспектот за борба со противникот во бушидо се преведува како подготвеност да се жртвува борецот за честа и целите на императорот и нацијата.
Денес, пристапот кон борбата и жртвувањето е поддржан од принципите на пропорционалност и минимизирање на колатералната штета, што промовира поголемо почитување на човечкиот живот. Во фиозофијата на бушидо најзначајни се почитувањето на достоинството и борбеноста на противникот. Тоа се принципи кои можат да се најдат и денес, изразени како почитување на противникот преку водење борба во рамките на меѓународните закони и правилата на војување.

Ѓорѓи Вељовски




# Хартленд – геополитичка теорија и идеја која ја диктира современата геополитика

Геополитичките теории ги објаснуваат меѓународните политички процеси и настани на сите можни земјописни подрачја на планетата. Геополитичарите го третираат земјописниот простор како сцена која претставува поле за политички, воени, економски и дипломатски игри, а геополитиката ја комбинира географската рамка на дипломатско-стратегиските односи со географско-економските ресурси.

Геополитичката теорија Хартленд (Heartlend) на сер Халфорд Мекиндер, е најдобар пример за тоа зошто геополитиката се популаризирала меѓу политичарите, а се применува и денес како подлога во геополитичкиот натпревар, пред сè помеѓу Вашингтон и Москва. Нестабилната геополитичка ситуација на почетокот на 21 век, како и сè поголемото јакнење на Русија, зема сè поголем замав на геополитичките и геоекономските теории кои го опфаќаат подрачјето на Евроазија. Макиндер коментирал дека меѓународните историски процеси се базирани на идејата дека светот е поделен на изолирани подрачја, при што секое подрачје има посебна цел. Според него, европската цивилизација е производ на надворешен притисок, односно дека е резултат на повеќевековна борба против различните инвазии од подрачјето на Азија (Монголи или Османлии). Хартленд, односно средишниот дел на континенталната маса на Евроазија, служи како стожерна точка за сите геополитички трансформации на историските димензии во внатрешноста на светскиот остров. Под Макиндерова доктрина се подразбира оној геополитички субјект/држава, која доминира со Хартленд и ги поседува потребните геополитички и геоекономски потенцијали кои би го контролирале целиот свет. Кога се структурирал геополитичкиот простор во форма на систем на концентрични кругови, Макиндер ја сместил стожерната (пивот) точка во средиштето на планетата и ги вклучил речните басени на Аму – Дарја, Сир – Дарја, Енисеј, Волга, како и две морињa, Аралското и Каспиското Море, како неосвоиви за напади од поморските сили. Макиндер ја дефинирал и „внатрешната полумесечина", што се поклопува со евроазиските подрачја покрај брегот. Макиндер ги опишал како региони со интензивен цивилизациски напредок, кои ги вклучувале подрачјата на Европа, јужна, југозападна и источна Азија. Исто така, ја дефинирал и „надворешната полумесечина" во кој ги вклучил Велика Британија, Северна и Јужна Америка, Јужна Африка, Австралија и Јапонија и верувал дека историските просеци се концентрирани на подрачјето на Хартленд. Затоа инсистирал на превентивни мерки, преку различни средства да се задржи контролата во стожерната точка, односно да се има контрола на „внатрешната полумесечина", сметајќи дека „тој што има контрола над источна Европа управува со срцето, кој владее со Хартленд владее со светските процеси, односно управува со светот". Во подоцнежните теории Макиндер наведувал дека дека Источна Европа




е составен дел на Хартленд, притоа ревидирајќи ја двапати својата теорија: Тој што владее со Хартленд управува со светскиот поредок. Ова можеби е сосема логично, а тоа го потврдува и во своето пишување и М. Гериќ за „Геополитика њус“, бидејќи Хартленд е најголемата рамнина на површината на земјата. Тука се азиските рамнини, руските степи па сè до Франција, срцето на Западот. Гледајќи ја картата на светот, може да се заклучи дека Русија е токму во средиштето на Хартленд. И Адолф Хитлер преку германскиот геополитичар Карл Хаусхофер се запознал со оваа идеја и веројатно тоа сакал да го постигне преку својата „освојувачка“ политика, напаѓајќи го тогашниот СССР.
Теоријата е изградена врз основа на географска шема, со разгледувањье на константни елементи (копно, море, континенталци, морепловци) и на трите променливи елементи (движење на копно и на море, жители и ресурси и ширење на дипломатското поле).
На почетокот на 20 век, Макиндер, гледајќи и анализирајќи наназад, констатирал дека два најважни елементи за политичката состојба во светот се копното и морето. Во суштина, тој успеал да ги дефинира и да ги разбере највлијателните сили, но не дал конкретно решение и не напишал дека САД, Германија и Русија мора да извршат воена агресија за да управуваат со средишниот дел од копното.




На Хитлер тоа не му успеа, но на Сталин му успеа, бидејќи после Втората светска војна, Советскиот Сојуз се проширил и на Исток и на Запад. Но, после 1991 година се создадоа нови услови, кои и ден-денес значително влијаат врз геополитичките текови во светот. Макиндер тогаш го предвидел и создавањето на НАТО и изолацијата што ќе ја има Русија. Во практика, претпоставките на Макиндер се потврдија, и затоа денес е видлива борбата помеѓу САД и Русија за доминација врз Хартленд, затоа што кој владее со овој дел, владее и со целиот свет.

м-р Зоран Василески



# Коалиција против злоупотреба на урбаното зеленило

На 17.12.2024 година беше потпишан Меморандум за соработка меѓу невладиното здружение „Зелен институт“ и бројни граѓански организации и институции, меѓу кои и градоначалникот на Кисела Вода, активисти, експерти и други заинтересирани граѓани. Ова е во интерес на поефикасно дејствување против корупцијата во урбанистичкото планирање и градење, со што неповратно се уништува урбаното зеленило преку нехумана, интензивна урбанизација и бетонизација на просторот. На форумот под наслов „Злоупотреба на урбаното зеленило за згради,“ неколку панелисти, меѓу кои и градоначалникот на Кисела Вода, претставник од Министерството за животна средина и просторно планирање, претставник на архитектите, граѓански активист и независен советник во Општина Центар, со модератор и медиумски партнер од ТВ Телма, отворено разговарале за корупцијата во урбанистичкото планирање. Се разговарало и за новите технологии и за грижата околу зеленилото. Се проговорило и за важната улога на политичарите за спроведување на законите и за вклучување на граѓаните,како што бил случајот со Расадник во Кисела Вода и откажувањето на изградбата на 99 нови станбени згради на зелената површина во оваа општина. Измените во Законот за урбано зеленило биле подготвени и требало да бидат дел од агендите на Владата и Собранието, со цел жителите да дишат почист воздух и да уживаат во пејсажите на зелениот декор. Невладиното здружение „Зелен институт“, во партнерство со „Изгрејсонце“, го спроведувале проектот „Граѓаните против корупцијата во животната средина“, во рамките на програмата „Граѓаните против корупцијата – грантови и градење на капацитети“. Проектот бил поддржан од Македонскиот центар за мултикултурна соработка и финансиран од американскиот народ преку УСАИД.

Васе Митреска



# Војувалиште – поле на преживување (5)

## (Како да преживеете на бојното поле)

Водата е есенцијален животен ресурс. Пиењето вода треба да овозожи хидратација на организмот, одржување на телото во живот и обезбедување на неговата функционалност. Водата, освен за пиење, во теренски услови е потребна и за приготвување на храна и напитоци, како и за одржување на личната хигиена.

Човечкото тело е составено од 2/3 вода, односно 60 до 70% од вкупната телесна тежина. Без вода може да се преживее околу 100 часа, во зависност од психофизичката и здравствената состојба, како и од климатската средина. Просечната потреба од дневната количина на вода се пресметува по кг телесна тежина. Човечкото тело на секои 20 до 25 кг телесна тежина, има потреба да испие околу 1 л вода. Кај војниците, во случај на зголемена физичка активност, дневната потреба од вода износува околу 4 л вода при мирување и 6 л при движење. Недоволното внесување на вода во организмот доведува до дехидрација, состојба кога количината на внесената вода е помала од количината на изгубената вода од организмот, која се губи заради потење, дишење, уринирање или дефекација. Просечно, човекот дневно губи околу 1,5 л вода преку уринирање и околу 1 л преку дишење и потење, што вкупно изнесува загуба на 2,5 л вода дневно, која треба да навремено да се надокнади. Кај војниците, униформата, борбениот товар и зголемените физички оптоварувања, доведуваат до губење 3 до 4 л вода преку потењето. Човечкиот организам може нормално да функционира при губење на вода во организмот од 3 до 4%, губењето на вода од 5 до 8% во телото предизвикува замор и вртоглавица, додека при загуба на над 10% се јавува изразена жед, проследена со одредени психофизички нарушувања. При загуба од околу 15 до 20% вода во телото настапува смрт. Старешините се должни преку процесите на обучување и воспитување да влијаат врз војниците да станат свесни за значењето на потребата од правилна хидратација преку пиењето вода, уште пред да се почувствува жед, бидејќи чувството на

жед е симптом кој укажува дека телото навлегува во состојба на дехидрација. Според состојбата на дехидрираност, постојат два типа на дехидрација, и тоа: лесна дехидрација (зголемена жед, сува уста, поспаност, намалено потење, намалено уринирање, урината е со изразена жолта боја, главоболка, сува кожа и лесна вртоглавица) и тешка дехидрација (намалено или целосно изостанување на излачување на урината која е со темножолта или темнопортокалова боја, тежок облик на вртоглавица проследен со некоординирано движење, низок крвен притисок, грчеви во мускулите, мачнина и повраќање, забрзан пулс, зголемена телесна температура и состојба на шок).

Војниците, во нивниот борбен товар треба да носат резервни количини на вода, додека количината на водата зависи од видот на опремата во која таа се транспортира (војничката матарка собира 1 л вода, камелбек собира од 3 до 5 л вода). Резерви на вода може да се носат и во шишиња, во борбените (модуларните) ранци. Командирите, при процесот на воено планирање, се должни да извршат проучување на хидрографијата во реоните на ангажирање и детално запознавање на сите припадници со местата кои би се користеле како можни извори на вода (кладенци, планински чешми, потоци итн.). Војниците се должни да известуваат за состојбата со нивните ресерси, а командирите, во случај на нерамномерно трошење на водата, треба да извршат правилно прераспоредување на вкупната заедничка вода. Откако ќе биде потрошена околу 2/3 од вкупната количина на вода, командирите треба да наредат преминување кон алтернативни начини за собирање на вода од природата, а во одредени случаи и обезбедување на вода од локалното население или од непријателските војници.

**Пет алтернативни начини како да се обезбеди питка вода во природа:**

1.Користење на природни извори на вода (кладенци, селски и планински чешми и планински потоци). Водата од овие извори најчесто е погодна за пиење без филтрирање и превривање, иако, доколку постои сомневање во квалитетот на водата, може да се изврши нејзино филтрирање и превривање.

2. Користење на атмосферски падавини (роса, дожд, снег и лед). За овој начин пожелно е водата да



се филтрира, додека превривањето е задолжително. Ваквата вода има блуткав, непријатен вкус. За да се подобри нејзиниот вкус, за време превривањето може да се додадат листови или плодови од шумско овошје (шумски јагоди, капини, малини, шипинки итн.) или борови иглички, и на тој начин водата да се консумира како ладен чај.

3.Користење на вода добиена од собирање на роса од трева или гранки од дрвјата, потоа користење на техниката „Воден чорап“ и техника на собирање вода со кондензација. Техниката „Воден чорап“ е техника на собирање на вода каде што војниците ги обвиткуваат потколениците на нозете со памучна ткаенина (на пример, маица и слично), и се движат по тревата додека маиците на нозете не бидат мокри и полни со вода собрана од утринската роса, при што водата треба да се исцеди и да се собере во некој сад. Собирањето на вода по пат на кондензација со испарување на водата од тревата или гранките на дрвјата, може да се изведе на повеќе начини. Најчесто користен начин е копање на конусна дупка во земјата од 30 до 50 см, која се полни со росна трева и се прекрива со најлонска кеса, пончо, горотекс и слично, а во средина на прекривката се става камен кој прави покривката да ја следи конусната дупка во чијашто средина се поставува некој сад (конзерва, пластичниот дел од порцијата за јадење и слично) поради собирање на капките кои паѓаат од испарувањето што настанува од влажната трева. На сличен начин може да се собере вода и по пат на кондензација, доколку тревата се стави во најлонска кеса. Наполнетата најлонска кеса се поставува на сонце, така што едниот крај треба да биде понизок од другиот. На пониskiот дел се прави отвор под кој се става сад за собирање на капките вода во најлонската ќеса, кои се резултат на испарувањето на водата од тревата. Вака добиена вода е со одредена боја, во зависност од видот на тревата од којашто се добива, има непријатен вкус, задолжително се филтрира и се преврива пред употреба.

4. Добивање на вода за пиење преку изработка на вештачки кладенци. Во близина на потоци и реки се копа дупка на оддалеченост од 0,5 до 1 метар, која е пониска од нивото на водата и каде водата од потокот по природен пад ја полни ископаната дупка, истовремено филтрирајќи се од земјената бариера помеѓу потокот и ископаната дупка. Вака добиената вода задолжително се филтрира и се преврива.

5. Користење на одредени видови дрвја кои природно растат на водена почва, почва со голем процент на влага или, пак, во себе содржат одредена количина на вода. На пример, трската, шаварот, врбите и тополите секогаш растат во близина на извори на вода или на земјиште кое содржи вода. Брезите се природен извор на вода, позната како „брезов сок“, која се лачи во пролетните денови. На висина од околу 0,5 до 1 метар се прави мала дупка во брезовото стебло со длабочина од 5 см, од која што почнува да тече таканаречената „брезова вода“. За 24 часа се собираат 2 до 2,5 л „брезов сок“, кој содржи околу 2%шекер, додека со ферментација доаѓа до формирање

на 5-процентен алкохол. Исто така, од јаворот може да се обезбеди од 0,5 до 1 л сок за 24 часа.

Филтрирањето на водата може да се изврши на повеќе начини. Најкористен начин е кога водата се филтритра во пластично шише на кое му се отсекува долниот дел со правење на отвор за сипање на водата којашто треба да се филтрира, додека од страна на капачето се прави мала дупка за истекување на филтрираната вода. Грлото на шишето се пополнува со газа, со завој или со парче ткаенина, над која доаѓа слој ситен испран песок, потоа слој на дрвен јаглен добиен од жар од огниште, повторно слој на ситен песок и слој од покрупни каменчиња. Шишето се поставува со капачето свртено надолу, а под него се поставува сад за собирање на филтрираната вода. Водата што треба да се филтрира полека се сипува низ отворот од отсечениот долен дел од шишето, каде што покрупниот слој од каменчиња треба да ги задржи покрупните физички тела од водата, додека поситниот слој на песок треба да ги задржи поситните физички тела. Јагленот ги задржува бактериите и паразитите од водата, додека последниот слој на ситен песок и ткаенината во грлото на шишето го прават завршното филтрирање. Во случај кога немаме шише или сличен сад, се користи трикатна ткаенина, добиена од маица, шаторско крило или слично, закачена на дрвен триножец во три реда во вид на катови еден над друг, каде што најгорниот ред се полни со покрупни каменчиња, средниот ред се полни со дрвен јаглен, а најнискиот, последен ред, се полни со ситен песок. Филтерот функционира на ист начин како при користење на филтер-шише. Превривањето на водата може да се врши на класичен начин, со ставање на вода во метален сад (во конзерва, металниот дел од војничката порција) на оган, сè додека водата не почне да врие, при што зовриената вода се држи 10 до 15 мин. на оган на вриење. Подобар начин е дестилирање на водата е кога водата се сипува во металниот дел од војничката порција, над неа се става пластичниот дел кој се поместува за 0,5 см на левата или на десната страна. Кога водата од металниот дел ќе почне да врие и да испарува, доаѓа до кондензација – горниот пластичен дел се претвора во капки кои капат низ тесниот отвор во малиот пластичен дел од порцијата кој служи како сад за собирање на водата. Големиот пластичен дел може да се стави врз две попречни тенки гранчиња поставени над металниот дел од војничката порција, со цел да се спречи евентуално топење на пластиката од вжештениот метален дел. Ист ваков начин на превривање на водата може и да се изврши и со пластично шише, како што е прикажано и на една од сликите во текстот. Во поново време се користат таблети за прочистување на водата кои содржат хидрогел, којшто ги неутрализира бактериите во водата и до 99,9%, на тој начин што таблетите произведуваат водород пероксид, кој заедно со честичките на активниот јаглен ги уништува бактериите. Најпознати таблети за прочистување на водата за пиење се таблетите микропур форте, каде што една таблета се дозира на 1 литар вода и за 30 минути доаѓа до целосна дезинфекција на водата. Дезинфицираната вода е без вкус и може да се користи 6 месеци. Доколку недостигаат таблети за прочистување на вода, може да се искористи хидоген со 3% раствор (водород пероксид со хемиска формула H2O2), кој се должи во колективните санитетски комплети како антисептик кој успешно врши неутрализирање на голем број на микроорганизми и бактерии, како и јодна тинктура која се дозира од 6 до 7 капки на 1 литар вода. Оваа тинктура претходно треба добро да се протресе и да се косзумира после 30 минути. Во колективната опрема за преживување се користат и пумпи за филтрирање на нечиста вода. Меѓу најпознатите пумпи за филтрирање на водата е пумпата „Katadyn pro", која врши прочистување на 2 л вода во минута, со можност за прочистување до 1000 л, со целосна ефикасност во отстранувањето на микроорганизмите во водата.

Водата добиена по пат на филтрирање и превривање, пред нејзината конечна употреба како вода за пиење, задолжително треба да се исконтролира. Интензивните промени во проѕирноста на водата, потоа бојата и вкусот, укажуваат на постоење на некои загадувачи. Водата со сомнителен квалитет не се употребува за пиење, поради можност од зарази и болести. Најпознат начин за проверка на исправноста на водата за пиење во природни и теренски услови е Пелагиќевиот начин (Васо Пелагиќ, народен лекар), според кој во 1 литар вода се додава една лажица шеќер, водата се остава да отстои 24 часа на темно место и потоа се набљудува нејзината проѕирност и боја. Бидејќи шеќерот претставува хранлива подлога за микроорганизмите, доколку во водата постојат микроорганизми, водата ќе добие млечно-бела боја со заматен изглед, а се забележуваат и одредени нишки кои се резултат на размножувањето на микроорганизмите. За да спречиме да дојде до дехидрација, во веќе прочистената вода може да се додадат таблети на база на сол или екекторлити во прашок или таблети, кои претставуваат глукозен електролитен раствор за орална рехидрација. Овие таблети содржат глукоза, натриум цитрат, натриум хлорид и калиум хлорид. Доколку има недостиг на електролити, како напиток може да се користи и физиолошкиот раствор за инфузија, во случај да нема стручно лице кое ќе изврши интравенско давање на физиолошкиот раствор како инфузија.

Виктор Крстевски



# Годишно реферирање за статусот на борбената готовност

Согласно Планот за работа на Генералштабот, пред НГШ, генерал-мајор Сашко Лафчиски се реализираше годишното реферирање за статусот на борбената готовност на потчинетите команди и единици во тековната 2024 г. На брифингот, командантите на потчинетите команди и единици пред началникот ги презентираа реализираните активности, степенот на опременоста во единиците и нивното влијание врз борбената готовност. Воедно, го информираа и за состојбите во своите единици во однос на персоналниот менаџмент, заштита на силите, операциите, обуката и вежбите, логистичкото обезбедување, врските, комуникациите, буџетирањето и цивилно-воената соработка. Притоа се претставени реализацијата на планираните задачи, постигнатите резултати во однос на достигнување на стандардите на НАТО, степенот на реализација на трансформацијата, како и ангажирањата во асистенција на институциите во кризна состојба, условите за живот и работа во гарнизоните. На крајот од реферирањето, заедно со заклучоците за актуелната состојба, началникот на Генералштабот даде насоки за реализација на планираните активности во следната година.



# Свечено одбележан денот на Военомедицинскиот центар



Денот на Военомедицинскиот центар (ВМЦ), 21 Декември, се одбележа со свечен собир на вработените, на кој пред присутните се обратија командантот на Логистичката база (ЛБ), полковник Мухарем Мухареми и командантот на Военомедицинскиот центар полковник Елизабета Наумовска-Петрески. Командантот на Логистичката база, полковник Мухарем Мухареми, честитајќи им го Денот на ВМЦ, пред присутните рече дека е горд на професионалноста и посветеноста во работата на сите вработени и притоа истакна дека е задоволен со подобрувањето на условите за работа кои даваат очигледни резултати., а потврда за професионалноста се високите признанија и одликувања. Полковничката Елизабета Наумовска-Петрески, командант на Военомедицинскиот центар, им се обрати на присутните и нагласи дека тие се дел од Армијата со мисија на зачувување и унапредување на здравјето на припадниците на Армијата, континуирано, секаде и секогаш. На крајот од говорот, таа на сите припадници на Военомедицинскиот центар им го честиташе Денот на ВМЦ. Во продолжение на свеченоста, беа прочитани добиените честитки од другите единици и стимулативните мерки за постигнатите резултати во работењето на припадниците од Военомедицинскиот центар. На одбележувањето на Денот на ВМЦ присуствуваа командантот на Логистичката база, поранешни команданти на Центарот, команданти на единиците од составот на Логистичката база и претставници од Генералштабот на Армијата.

# НГШ во обиколка на касарните во Тетово и во Кичево

Началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, во текот на декември изврши обиколка на единиците кои се стационирани во касарните „Кузман Јосифовски-Питу“ во Тетово и „Чеде Филиповски -Даме“ во Кичево, како дел од планираните активности за обиколка на гарнизоните и информирање на припадниците на Армијата. При обиколката, припадниците на Армијата кои извршуваат редовни задачи во единиците од гарнизоните во Кичево и во Тетово, од страна на генералот Лафчиски беа информирани за актуелниот и можен ангажман во меѓународните операции предводени од НАТО, ЕУ и ООН, за досегашното и идното учество на вежбовни активности и за процесот на модернизација на Армијата. На информирањето, меѓу другото, се дискутираше и за имплементација на обврските од Колективниот договор и за условите за живот и работа, со цел подигнување на стандардот на припадниците на Армијата, како и за приоритетите и очекувањата за следната година.



# Работна посета на АП „Криволак“

Командантот на НАТО Корпусот за брзо распоредување во Грција, генерал-потполковник Атанасаиос Гаринис, придружуван од началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, престојуваше во работна посета на АП „Криволак“. Работната посета беше со цел разгледување на можностите за продлабочување на воспоставената соработка со НАТО Корпусот за брзо распоредување во Грција, преку користење на капацитетите кои ги нуди Армискиот полигон „Криволак“ за изведување на обука и вежби. Во рамки на посетата, делегацијата имаше можност да изврши обиколка и да се запознае со карактеристиките на капацитетите на АП „Криволак“. Воедно, беше реализиран брифинг на кој се презентираа можностите на полигонот за изведување на најразлични обуки и комплексни вежбовни операции, како и сместувачките капацитети кои досега се потврдени во повеќе наврати при изведување на меѓународни вежбовни активности со нашите сојузници и партнери. На брифингот, пред делегацијата, исто така се презентираа и идните планови за развој на капацитетите на овој национален ресурс.



# Средба на НГШ со генералниот директор за меѓународна безбедносна политика

Началникот на ГШ на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, оствари средба со генералниот директор за меѓународна безбедносна политика на Вооружените сили (ВС) на Канада, генерал-мајор Грегори Смит. На средбата во ГШ се разговараше за билатералната соработка со канадските ВС демонстрирана преку нашето заедничко учество во вежби и обуки, како и учеството во активностите на мултинационалните сили на НАТО во Латвија. Меѓу другото, се разговараше и за меѓународната вежба „Maple Arch 2024“ која е поддржана и спонзорирана од канадските вооружени сили. Оваа година ние сме земја домаќин на вежбата, која се изведува по јубилеен 25-ти пат. Во текот на средбата беше изразена подготвеност за дополнително унапредување на меѓуармиската соработка во областите од заемен интерес.



# Пакетчиња за Детската клиника

Припадниците на Баталјонот за специјални сили, традиционално и оваа година во пресрет на новогодишните празници, реализираа акција за донирање на новогодишни пакетчиња на Универзитетската клиника за детски болести на Одделот за онкологија. Хуманитарна акција, со донација на прехранбени артикли, реализираа и во ЈУ Специјален завод Демир Капија, со надеж дека ќе придонесат во разубавување на празниците. Припадниците на Баталјонот за специјални сили и овој пат, како и многу пати досега, на дело ја покажаа хуманоста да помогнат онаму каде што тоа е потребно.





# Курс за животоспасувачи

Во Одделот за медицинска обука при Военомедицинскиот центар (ВМЦ) во период од 30 септември до 13 декември се реализираше „Курс за животоспасувачи“. Во две ротации, учество на курсот зедоа припадници од Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија. Наставните содржини од курсот се изведуваа преку теоретска настава и низ практично извежбување. Слушателите успешно ги совладаа постапките за спроведување на животоспасувачки мерки и постапките при предболничко згрижување на повредени и заболени. Стекнатите знаења, вештини и техники се значајни за учесниците во рамките на нивната поставеност во матичните единици, нивниот професионален развој, како и за унапредување на личните способности.На завршната вежба и доделувањето на сертификатите присуствуваа претставници од командата на ВМЦ и од Министерството за внатрешни работи, кои ја искористија можноста да се заблагодарат за континуираната соработка.



# Подготовки за 18. Конференција на началници на ГШ на балканските земји

Во рамките на подготовките за 18. Конференција на началниците на Генералштабовите на балканските земји, која ќе се одржи во периодот од 27 до 29 мај 2025 година во Истанбул, Република Турција, во текот на месец декември 2024 година беше реализиран првиот состанок на координативната група за подготовка на конференцијата. На состанокот, претставниците од земјите членки на Форумот на балканските земји ги разгледаа задачите произлезени од заедничката изјава усвоена на 17. Конференција на началниците на Генералштабовите. Покрај тоа, изработени се задолженија за подгрупите за асиметрични закани, како и за едукација, обука и вежби. Истовремено, беа изготвени и други документи потребни за успешна реализација на 18. Конференција, како и заклучоците од овој прв состанок на координативната група. На овој состанок, учесниците ги потврдија своите заложби за унапредување и промовирање на регионалната стабилност и безбедност на Балканот преку продолжување на континуираната воена соработка.





# Мултинационалната вежба „Maple Arch 24“

Во периодот од 25 ноември до 6 декември во касарната „Алексо Демниевски – Бауман“ во Велес и на АП „Криволак“, припадници на шест армии учествуваа во реализација на компјутерски асистирана вежба комбинирана со теренска вежба. „Maple Arch 24“, која претставува континуитет на меѓународната вежба „Maple Arch“, којашто оваа година се организира по јубилеен 25-ти пат.

На отворањето на вежбата во своето обраќање претставникот на Вооружените сили (ВС) на Канада, како спонзор на вежбата, мајор Шон Кларк меѓу другото истакна: „Вежбата „Maple Arch“ претставува платформа каде што се сплотува довербата, заемното почитување и професионалноста, со цел зголемување на интероперабилноста помеѓу нашите армии“. Вежбата за отворена ја прогласи командантот на Командата за операции, бригаден генерал Бесник Емини, кој во своето обраќање кон учесниците на вежбата, покрај топлото добредојде на припадниците на ВС на Канада, Грузија, Литванија, Полска и Украина се осврна на значењето на ваквите меѓународни вежби со учество на земји од различни делови на светот. Меѓу другото, бригадниот генерал Бесник Емини истакна: „Maple Arch 24“ гради мостови на комуникации и разбирање помеѓу нашите армии и нè потсетува дека и покрај нашите разлики сите ние делиме заедничка визија, а тоа е заштита на мирот, зајакнување на стабилноста и зачувување на нашите заеднички вредности“.Активностите на вежбата „Maple Arch 24“ паралелно се одвиваат на две локации: во касарната „Алексо Демниевски – Бауман“ во Велес и на АП „Криволак“.

Во Центарот за симулации во Велес преку симулации на JCATS (Joint Conflict and tactical simulation enhancements), штабовите на петте баталјони решаваат и одговараат на зададени настани и инциденти. Во исто време, пак, единица од Вториот пешадиски баталјон од Првата пешадиска бригада во теренски услови на АП „Криволак“ практично постапува и реагира на истите настани и инциденти креирани за време на планирачкиот процес за вежбата. Министерот за одбрана Владо Мисајловски, НГШ, генерал-мајор Сашко Лафчиски, амбасадорките на Канада и на Украина, Мишел Камерон и Лариса Дир, високи воени претставници од Канада и од Полска, генерали на Армијата, претставници на военодипломатскиот кор, во касарната „Алексо Демниевски-Бауман“ во Велес, присуствуваа на Денот за високи гости и на затворањето на вежбата „Maple Arch 24“. Министерот Мисајловски истакна дека оваа вежба,






која се реализира по 25-ти пат и на која учествуваат повеќе од 600 припадници од четири сојузнички и две партнерски земји, се разликува од сите претходни вежби, поради комбинацијата на компјутерска симулација и реализација во теренски услови, со што се заокружува еден процес на изведување вежби. „Она што го гледаме тука во Велес и активностите кои се одвиваат паралелно на Криволак, се најголемиот доказ дека македонската армија нуди услови и можности за заокружување на целиот процес за извежбување во согласност со највисоките НАТО стандарди“, истакна министерот Мисајловски и додаде дека соработката помеѓу армиите директно влијае на зајакнување на интероперативноста, но и на безбедноста. НГШ, генерал-мајор Сашко Лафчиски во своето обраќање истакна дека оваа вежба претставува доказ за нашата цврста и јасна посветеност во зајакнувањето на интероперативноста помеѓу сојузниците и партнерите, која бара исклучителна посветеност, обука, континуитет и доверба. „Ова може да се постигне само преку силна кохезија меѓу сојузниците, настапувајќи под мотото на вежбата: „Заедно сме посилни“. Тоа значи дека можеме да постигнеме нови искуства преку интегриран тренинг и вежбање.

За зајакнување на врските со сојузниците и партнерите, неопходно е да користиме сложени оперативни сценарија во мултинационална рамка“, рече генералот Лафчиски. Канадската амбасадорка Мишел Камерон, истакна дека оваа вежба го покажува единството и ја потврдува заедничката посветеност кон глобалниот мир, стабилноста, заедничките вредности и партнерството во НАТО и дека само заеднички и со проактивен пристап ќе придонесеме за помирен и побезбеден свет. Мултинационалната вежба „Maple Arch 24“ е вежба на која учествуваат околу 600 припадници од македонската армија и припадници на ВС на Канада, Полска, Литванија, Украина и Грузија. Вежбата е спонзорирана и поддржана од страна на Директоратот за воена обука и соработка на ВС на Канада.




20
АРМИЈА
ФОТОГ



# 24
# АТА НИЗ
# РАФИИ

# Учество на прославата по повод Националниот ден на Романија и примопредавање на должност на водот во Романија и Бугарија

Делегација од Армијата, предводена од бригаден генерал Мирче Ѓоргоски, на 3 декември присуствуваше на прославата по повод Националниот ден на Романија и одбележување на 20-годишнината од членството на Романија во НАТО. На дефилето на воената парада во Букурешт, со своја опрема учествуваше и водот на Армијата, кој е таму распореден во рамки на НАТО „Активности на зголемена будност“. Армијата на Република Северна Македонија има развиено одлична соработка со Романските вооружени сили, а во „Активностите на зголемена будност“ учествува од







2022 г., каде заедно со припадниците на вооружените сојузнички сили е составен дел од колективниот систем за одвраќање и одбрана. На 19 декември, со воена свеченост во Романија и Бугарија, четвртата ротација на македонските водови, кои се дел од операцијата на НАТО „Активности на зголемена будност“, ѝ ја предадоа должноста на петтата ротација. На свеченоста присуствуваа: командантот на Мултинационалната бригада југоисток, полковник Иринел Апостолеску, вд амбасадорот г-дин Златан Беговиќ, команданти на единиците од Каракал и претставници на локалната власт.



# Учество на ЗНГШ на Конференцијата „Allied Warfare Development Conference“



На покана на адмиралот Пјер Вандиер, командант на Врховната команда на НАТО сојузничките сили за трансформација, ЗНГШ, генерал-мајор Азим Нуредин учествуваше на конференцијата „Allied Warfare Development Conference“, која се одржа во Норфолк, САД, во организација на Сојузничката команда на НАТО за трансформации – АСТ и истата претставуваше можност за националните и НАТО лидери да го унапредат своето знаење за тоа како АСТ придонесува кон кредибилна одбрана и одвраќање и да ги истражат начините за забрзување на процесот на трансформација на НАТО како воен инструмент на моќ. Во рамките на програмата, генерал-мајор Азим Нуредин, оствари официјална средба со началникот на Штабот на Сојузничката команда на НАТО за трансформации, вицеадмиралот Сајмон Асквит, на која беше разговарано за досегашната соработка, за актуелни воено-политички теми, како и за протоколарна средба со доајенот на националните воени претставници (NMR), данскиот бригаден генерал Бо Енгелбред, на која се разговараше за улогата на NMR во АСТ. Исто така, генералот Нуредин оствари средба и со хрватската делегација предводена од генерал-мајор Денис Третињак, при што на националниот воен претставник на Р. Хрватска, полковник Мато Матановиќ, му беше врачено признание во знак на одличната досегашна соработка. Генералот Нуредин оствари и работна посета на Военото претставништво на Р.С. Македонија при Сојузничката команда на НАТО за трансформации, на која се запозна со состојбата во Командата и се разговараше за тековните и идни активности на военото претставништво.




# Свеченост по повод смена на командантот на Командата на силите на САД за Европа и Африка

Командантот на Командата за операции, бригаден генерал Бесник Емини, на покана од врховниот командант на Сојузничките сили во Европа, генерал Кристофер Каволи, присуствуваше на свеченоста за смена на командантот на Командата на силите на САД за Европа и Африка. На свеченоста одржана во касарната „Клеј“ во Визбаден, Германија, досегашниот командант, генерал Дерил Вилјамс, командата му ја отстапи на генерал Кристофер Донаху.





# Школски борбен авион „L-39NG“

Авионот „L-39NG“ (Next Generation/следна генерација) е дизајниран да биде рентабилен, повеќенаменски, едномоторен, школски борбен авион со млазен погон. Развојот и модернизацијата на леталото е изведена од компанијата „Aero Vodochody Aerospace“, во соработка со „Williams International“ и „Draken International“. Авионот е развиен за да обезбеди подобри способности при пилотската обука и воени летови кои се потребни за преод на ловците од четвртата и петтата генерација. Авионот „L-39NG“ поседува одлични маневарски способности и зголемен долет, а проектиран е да се користи како примарен и напреден млазен тренер, авион за обука со оружје и како лесен јуришен авиони во воздухопловства кои имаат ограничена воздушна сила, но може да се користи и за извидувачки мисии. Леталото може да се користи и во сите климатски и временски услови, преку ноќ и ден. За подобра оперативна флексибилност, едноставност и достапност, повеќето вградени системи се поедноставени, за да се избегнат високите нивоа на одржување, односно преминато е на одржување по состојба. Воедно, леталото поседува толерантни управувачки команди со цел минимизирање на грешките предизвикани од неправилно ракување при летање од неискусен кадет-пилот. Исто така, „L-39NG“ може да полетува и да слетува од подготвени земјени патеки (писти), благодарение на цврстиот стоен трап и малите брзини на слетување. Според градбата, леталото поседува класична аеродонамичка конструкција со ниско поставени прави крила кои имаат двојна конусна рамнина, а од материјали за изработка се користат метални легури и композити. Неговите вшмукувачи за воздух се високо поставени на конструкцијата (над крилата), со цел да се оневозможи вшмукување на надворешни предмети во моторниот оддел. Пилотскиот кокпит поседува тандем-распоред, каде ученикот (напред) и инструкторот (назад) седат на катапулт седиштата „Martin Baker Mk16 CZ16H 0-0“. Задното седиште кое го користи инструкторот, е малку подигнато за полесно да се овозможи набљудување на активностите на ученикот. Кокпитот поседува голем едноделен поклопец отпорен на удар од птици и овомужува одлична видливост. Во контролните панели од кокпитот се вградени поеќенаменските дисплеи „IDU-680“ од компанијата „Genesys Aerosystems avionics“, и тоа за пилотот-ученик е вграден HUD-пилотски нишански систем и 2 или 3 повеќенаменски дисплеи (зависно од верзијата), додека за пилотот-инструктор се вградени 2 повеќенаменски дисплеи и еден дисплеј за прикажување на сликата од HUD-нишанскиот систем. За управување со леталото во кокпитот се вградени HOTAS-команди. Екипажот може да користи и визири за ноќно летање. Бидејќи кокпитот е под висок притисок, екипажот треба да носи маски за кислород кога лета над 7000 метри. Позади кокпитот во трупот се вградени гумени самозаптивачки резервоари за гориво, а резервоари за гориво се вградени и во крилата. Авионот „L-39NG“ има 5 надворешни носачи за оружје (по 2 под крилата и еден под трупот) и може да понесе корисен товар до 1.200 kg, и тоа противавионски ракети со мал дострел со ИЦ-наведувана глава, ласерски наведувани бомби, класни бомби „Мк.82“, ласерски наведувани ракети со калибар од 70 mm, повеќецевни лансери за ненаведувани ракети „воздух-земја“ со калибар од 70 mm и подвесен контејнер, опремен со тежок митралез со калибар од 12,7 mm или со автоматски топ со калибар од 20 mm. Освен оружје, леталото може да понесе два подвесни резервоари за гориво, секој со капацитет од 570 kg, подвесен извидувачки контејнер со FLIR-систем, подвесен нишански контејнер и подвесен контејнер за електронско попречување. Авионот „L-39NG“ од погон е опремен со еден турбовентилаторски млазен мотор „Williams International FJ44-4M“, со потиснување од 16,87 kN, кој се карактеризира со мала тежина, мала потрошувачка на гориво и поседува тивок звук при работа. Моторот има електричен систем за стартување и двојни системи FADEC. Штедливиот мотор овозможува леталото да остане во воздух 4 часа и 30 минути и притоа со внатрешното гориво од 1.480 kg да прелета 2.590 km.






Од леталото се развиени неколку верзии: прототип технолошки демонстратор „L-39CW“, „L-39NG Stage 1“ (стара конструкција од „L-39“, опремена со моторот „Williams International FJ44-4M“), „L-39NG Stage 2“ (нова модифицирана конструкција опремена со моторот „Williams International FJ44-4M“ и „стаклен кокпит“) и извидувачка верзија. Корисници и нарачатели на „L-39NG“ се: Чешка, Унгарија, Виетнам, Сенегал, Гана и Португалија, додека во Франција ги користи компанијата „Breitling Jet Team“, а во САД компанијата за обука на пилоти „Draken International“.

Ивица Дамески

**Објаснување на пресек-сликата**

**Пресек-слика на „L-39NG“**

**1.** Куќиште за дел од авиониката и комуникациски системи.
**2.** HUD-пилотски нишански систем.
**3.** Контролните панели поседуваат „стаклен кокпит“.
**4.** Катапулт седиште за пилотот-студент „Martin Baker Mk16 CZ16H 0-0“.
**5.** Едноделен поклопец на кокпитот.
**6.** Катапулт седиште за пилотот-инструктор „Martin Baker Mk16 CZ16H 0-0“.
**7.** Резервоар за гориво во трупот.
**8.** Резервоар за гориво во крилото.
**9.** Елерон.
**10.** Флапс.







11. Конструкција на опашката.
12. Вертикален стабилизатор.
13. Управувачко кормило по правец.
14. Управувачко кормило по височина.
15. Хоризонтален стабилизатор.
16. Еден турбовентилаторски млазен мотор „Williams International FJ44-4M“.
17. Конструкција на трупот со ресурс на летање од 15.000 часа.
18. Заден стоен трап.
19. Конструкција на крилото.
20. Подкрилни носачи за оружје.
21. Вшмукувач за воздух за погонот.
22. Скали на склопување за кокпитот.
23. Преден стоен трап.

| Тактичко- технички карактеристики на „L-39NG“ | |
|---|---|
| **Должина** | 12.03 m |
| **Опсег на крилата** | 9.56 m |
| **Височина** | 4.77 m |
| **Тежина, празен** | 3.100 kg |
| **Максимална тежина при полетување** | 5.300 kg - 5.800 kg (во зависност од верзијата) |
| **Носивост** | 700 kg -1.200 kg (во зависност од верзијата) |
| **Погон** | 1 турбовентилаторски млазен мотор „Williams International FJ44-4M“, со потиснување од 16,87 kN |
| **Максимална брзина** | 775 km/h (на висина од 6.000 m) |
| **Крстосувачка брзина** | 650 km/h |
| **Брзина на искачување** | 23 m/s |
| **Плафон** | 11.500 m |
| **Внатрешно гориво** | 1.480 kg |
| **Максимален долет** | 2.590 km |
| **Г-оптеретување на конструкцијата** | -4/ +8 „Г” |




# „Iron Sting“ – израелски вооружен систем

Системот за оружје, „Iron Sting“, е систем кој користи напредна минофрлачка муниција со прецизно наведување, дизајнирана да им обезбеди прецизна огнена поддршка на пешадиските единици. Ја подобрува прецизноста на минофрлачкиот оган, намалувајќи ја колатералната штета и зголемувајќи ја ефикасноста врз целите.

Системот за оружје „Iron Sting“ беше развиен од Министерството за одбрана на Израел, во соработка со компанијата „Elbit Systems“, израелска компанија за одбранбена технологија. Дирекцијата за одбранбено истражување и развој, која е под Министерството за одбрана на Израел, во соработка со копнените сили на Израелските одбранбени сили (ИДФ) и „Elbit Systems“, го претставија „Iron Sting“ – **„Железниот убод“** во март 2021 година. Вооружениот систем „Iron Sting“ првпат беше распореден во операцијата „Guardian of the Walls “ во 2021 година како предоперативен тест. Официјално, Израел го имплементираше системот во октомври 2023 година, при што копнените трупи ја користеа муницијата против непријателската инфраструктура во Појасот Газа.

**Дизајн и спецификации на минофрлачката граната „Iron Sting“**

„Iron Sting“ е сеопфатна минофрлачка граната од 120 мм со тежина од 17 килограми, дизајнирана за прецизно гаѓање и неутрализирање на цели. Нејзината боева глава може да навлезе во двојно армиран бетон со дебелина до 20 cm со ефект на експлозија и фрагментација. Минофрлачката муниција водена со ласер и GPS има дострел помеѓу 1 и 12 км, во зависност од тоа која минофрлачка цевка се користи. Вклучува инерцијално водење, прецизен GPS и полуактивно ласерско таргетирање помало од 1 m, на растојанија до 12 km со помош на моментните тековни конфигурации на погонско гориво.

Минофрлачот работи без потреба од метеоролошки податоци. Користи високо рафиниран софтвер за летање за да обезбеди оперативна предност во сите временски услови и да ја подобри ефикасноста на динамично

бојно поле. Дополнително, тој е полесен и поисплатлив во споредба со другите достапни производи.

**Карактеристики на вооружениот систем „Iron Sting“**

„Iron Sting“ е мрежен прецизен огнен систем со едноставен систем за контрола на огнот, лесен за употреба, што ја рационализира низата на пукање на само 15 секунди од внесувањето податоци до испукувањето. Обезбедува силни способности во сите сценарија на бојното поле, со три начини на работа: GPS/IMU-Inertial Measurement Unit, SAL-Sami Active Laser+GPS/IMU и SAL+IMU. Се одликува со ласерски сензор-трагач, компатибилен со стандарден пулс и шифрирана ласерска диода со континуирани бранови. Дополнително, вклучува мултимоден осигурувач со режими на работа со детонација во точка, одлагање на детонација во точка и режими на работа на сензорот за близина. Системот беспрекорно се интегрира и со постоечката минофрлачка опрема и со високомобилните минофрлачки системи.
Системот може прецизно да ангажира цели и на отворени терени и на урбани средини, минимизирајќи ја колатералната штета и обезбедувајќи ја безбедноста на лицата кои не се борци.
Вооружениот систем „Iron Sting“ беше подложен на испитувања на полигон во јужен Израел, овозможувајќи почеток на сериско производство за снабдување на израелските вооружени сили во 2021 година. Тестовите користеа два мрежни минофрлачки системи „Cardom“ развиени од „Elbit Systems“, вклучувајќи минофрлачки систем „Cardom“ распореден на оклопен транспортер „M113“ и минофрлачки систем „Cardom spear“, распореден на лесно оклопно возило „Hummer 4x4“.

**Предности на вооружениот систем „Iron Sting“**

Вооружениот систем „Iron Sting“ е прецизна и агилна муниција која може самостојно да ги неутрализира тунелските отвори, притоа елиминирајќи ја потребата од координација со задниот команден центар. Војниците можат веднаш да го активираат, овозможувајќи итен одговор на идентификуваните непријателски тунели или непријателски ракетни фрлачи, спречувајќи потенцијални закани за цивилите. Системот овозможува тактичко артилериско ангажирање без одложувања поврзани со барање воздушна поддршка од борбени авиони, беспилотни летала или далечна копнена артилерија и служи како попрецизна алтернатива на претходно користената муниција. Еден од најупотребуваните нови вооружени системи во последната војна помеѓу израелските одбранбени сили и „Хамас“ и „Хезболах“ е „Iron Sting“ – високо прецизниот минофрлач 120 мм. Израелската одбранбена технолошка компанија „Elbit Systems“ во јули 2024 година објави дека и е доделен договор вреден околу 190 милиони американски долари за снабдување со ласерски „Iron Sting“ и минофрлачка муниција водена со GPS на израелското Министерство за одбрана. Договорот ќе се реализира во текот на две години. Следејќи го борбеното искуство што го акумулираше овој вид врвна водена минофрлачка муниција, овој договор дополнително ја зацврсти позицијата лидер на пазарот во прецизно водени решенија. Со порастот на воените конфликти во урбаните средини, вооружените сили ширум светот бараат точни технологии кои би ја свеле на минимум колатералната штета, а „Iron Sting“ на компанијата „Elbit Systems“ ги задоволува овие стандарди.
Израелските одбранбени сили во ноември 2024 година објавија снимка на која се гледа како командоси го користат својот нов вооружен систем „Железниот убод“ – „Iron Sting“ во воената операција против „Хамас“.

Идриз Идризоски







# „Junkers Ju 290"

За време на Втората светска војна германското воено раководство било заслужно за иновацискиот развој на борбената технологија и техника, стратегија и тактика, кои биле втемелени во принципот на брзина. Тоа значело дека секој развој и создавање на борбено возило, воздухоплов или пешадиска тактива, бил во насока на исполнување, односно достигнување на зададената цел – за што пократко време и со што поголема брзина.

Овие норми значително придонеле за квалитетот и за несомнената елитност која гермнаските вооружени сили ја стекнале во многубројните борбени походи за време на Втората светска војна. Но, покрај огромните успеси, особено во раниот период од војната, Германците секогаш немале соодветен одговор за брзиот развој на сојузничката воздухопловна моќ која, пак, била способна да изведува воздухопловни бомбардирачки операции на големи релации со сериозен товар на разни видови бомби и експлозиви. Ваквите напади им предизвикувале огромна штета на германската воена индустрија, моралот и севкупна инфраструктура. Несомнена била желбата со исти, најмалку слични методи, да се возврати ударот на територијата на сојузниците. Иако германското воено воздухопловство било многу активно врз француската и британската територија во текот на Втората светска војна, германските аналитичари и воени експерти биле свесни дека најразурнувачката воздухопловна моќ на сојузниците била инјектирана од страна на импресивната воена индустрија на САД. Имено, САД биле надвор од границите на секој германски бомбардер или борбен авион, така што не можеле да планираат такви оперативни дејности. Безбедноста на воената индустрија на САД била клучна за нивниот прогрес во насока на развивање на квалитет и квантитет од бомбардери, ловци, тенкови и секаков вид борбена опрема. За таа цел, германското воено-политичко раководство одлучило да развие план за создавање на бомбардер кој ќе биде способен за лет и уништување на воеоиндустриски и стратешки цели во САД. Како еден од кандидатите за бомбардер бил концептот за развој на аивонот „Јункерс Ју-290".

**Дизајн**

Уште пред почетокот на Втората светска војна германското политичко раководсвто било сигурно дека доколку САД влезе во војната, Германија ќе биде примората да изнајде начини како да го „повреди" огроминот потенцијал на воената индустрија на САД. Воздухопловот „Јункерс Ју-290" бил создаден и развиен од неговиот матичен „костур", воздухопловот „Јункерс Ју-90" кој,

пак, бил патнички авион. Германските воено-воздухопловни експерти имале тенденција да користат патнички авиони развиени во 1930-тите години како база за развој на нов воздухоплов со офанизвно-дефанзивни борбени способности.  На самиот почеток на развојот на „Ју-290“, главната идеја на германските воздухопловни експерти била да се замени авионот „Фоке Вулф ФВ-200 Кондор“, кој бил одличен во својата улога, но премногу бавен за да ги задоволи параметрите на светското воено воздухопловство кои биле во остар развој. „Кондор“,исто така, не бил доволно способен да се адаптира во различни улоги за потребите на германското воено воздухопловство, при што една од нив била создавање на тежок бомбардер со способност за изведување на борбени операции на долги релации. Имено, дизајнерската работа на воздухопловот „Ју-290“ била започната од дизајнерскиот тим на Конрад Ајхолтз со почеток во 1939 година во воздухопловната фабрика „Летов“ лоцирана во Прага. Почетокот на развојот на „Ју-290“ бил обележан со модификација на костурот на авионот „Ју-90“, со издолжување на централната воздхупловна конструкција, вградување на помоќни мотори и хидраулична рампа лоцирана во задниот дел од трупот. Во 1942 година, вкупно биле произведени пет воздухоплови од варијантата „Ју-290А-0“. Овој модел на „Ју-290“ бил придвижуван од четири мотори „БМВ 801Л“ кои имале по 14 цилидри, сместени во форма на „ѕвезда“, способни да создаваат секој по 1600 коњски сили. Моделот „А-1“, главно имал транспортна улога и за поддршка на сите гранки на вооружените сили на Германија во Втората светска војна. Воздухопловот имал главна улога во снабдувањето и евакуацијата на опколените сили на 6. армија на генералот Вон Пауелс во битката за Сталинград. Набргу по својот успех и демонстрираните карактеристики на авионот, германската морнарица имала  итна потреба од поморски извидувачки воздухоплов со голем оперативен дострел. Тоа довело до развој и појава на варијантата „А-2“. Имено, оваа варијанта била добиена со модификација на веќе постоечката конструкција од варијантата „А-1“, додека воздухопловот бил во фабрика. Но, улогата на поморски извидувач со голем оперативен дострел подразбирала и инсталација на повеќенаменско вооружување кое, пак, одземало повеќе време во фазите на производство на авионот. Вооружувањето вклучувало и инсталација на купола во која бил инсталиран еден топ „МГ-151“ со калибар од 20 милиметри.

| Главни карактеристики на „Junkers Ju 290A-5“ | |
|---|---|
| **Посада** | 9 |
| **Должина** | 28,64 метри |
| **Распон на крилата** | 42 метри |
| **Висина** | 6.83 метри |
| **Мотор** | Четири „ѕвезда“ мотори „БМВ-901Г“ со по 14 цилиндри со воздушно ладење, способни да развијат по 1700 коњски сили |
| **Максимална брзина** | 439 километри на час |
| **Опсег на оперативно летање** | 6400 километри |
| **Вооружување** | ДЕФАНЗИВНО ВООРУЖУВАЊЕ:<br>Четири топа „МГ-151“ со калибар од 20 милиметри и четири митралези „МГ-131“ со калибар од 13 милиметри.<br>ОФАНЗИВНО ВООРУЖУВАЊЕ:<br>Способност за носивост на 3000 килограми на бомби и експлозиви, како и водена муниција од типот „ФРИТЗ-Х“, „Ф5ВВ“ и „Хш-293“. |




**Junkers Ju 290A-5**
*Fernaufklärungsgruppe 5*
FAGr. 5 were the first users of the Junkers Ju 290 in the long-range maritime reconnaissance role, beginning operations on October 1943. Most missions were intended to locate targets for U-boat wolfpacks.

**Specifications**
Crew: 9
Powerplant: 4 x 1268kW (1700hp) BMW 801D 14-cylinder radials
Maximum speed: 440km/h (273mph)
Range: 6150km (3821 miles)
Service ceiling: 6000m (19,685ft)
Dimensions: span 42m (137ft 9in); length 28.64m (93ft 11in); height 6.83m (22ft 5in)
Weight: 40,970kg (90,322lb) normal loaded; 50,500kg (111,332lb) max overload




**Armament Specifications**
Dorsal turrets: 2 x 20mm (0.8in) MG 151
Front of ventral gondola: 1 x 20mm (0.8in) MG 151
Rear of ventral gondola: 1 x 13mm (0.5in) MG 131
Aft waist positions: 2 x 20mm (0.8in) MG 151
Tailcone: 1 x 20mm (0.8in) MG 151
Note: The Ju 290B would have been a bomber version able to carry two or more guided weapons externally, but only the prototype flew.

**Junkers Ju 290A-5**
*Fernaufklärungsgruppe 5*
The A-5 variant of the Junkers Ju 290 was better suited to combat than earlier models, being equipped with much heavier armour and armament. This maritime reconnaissance aircraft was based at Mont de Marsan.



**Junkers Ju 290A-6**
*KG 200*
During the last year of the war, KG 200 operated the surviving Ju 290s on clandestine transport missions, flying Nazi leaders to Barcelona in April 1945. The Ju 290A-6 seen here had originally been built as Hitler's personal transport.

**Specifications**
Crew: 4 plus 50 passengers
Powerplant: 4 x 1268kW (1700hp) BMW 801D 14-cylinder radials
Maximum speed: 440km/h (273mph)
Range: 6150km (3821 miles)
Service ceiling: 6000m (19,685ft)
Dimensions: span 42m (137ft 9in); length 28.64m (93ft 11in); height 6.83m (22ft 5in)
Weight: 40,970kg (90,322lb) normal loaded; 50,500kg (111,332lb) max overload

Куполата била лоцирана на „грбот“, односно на горниот дел од трупот на воздухопловот. Исто така, варијантата „А-2“ била опремена со радар „ФУХ 200“, специјално наменет за скенирање на огромните водни пространства на Атлантскиот Океан. Овој радар бил клучен одличните демонстрирани карактеристики на варијантата „Ју-290 А-2“. Со помош на радарот, посадата на воздухопловот „Ју-290 А-2“ била во можност да ги детектира сојузничките бродски конвои во Атлантскот Океан, на далечина до 80 километри, кога авионот летал на висина од 500 метри надморска висина, или на далечина до 100 километри, кога авионот летал на висина од 1000 метри. Овие параметри овозможувале успешна детекција и активно следење на сојузничките бродски конвои, без опасност од противвоздушна одбрана кон авионот „Ју-290 А-2“. Набргу следел и развој на варијантата „А-3“, која вклучувала помоќни мотори и инсталација на дополнителна купола со вооружување, лоцирана во задниот дел од трупот на авионот. Новите мотори биле од типот „БМВ 801Д“ и биле способни да развијат по 1700 коњски сили. Наредниот развој на авионот „Ју-290“ довел до појавата на варијантата „А-4“, која се карактеризирала со потешка конфигурација на одбранбено вооружување. Имено, авионот добил пар хидраулични куполи во кои биле сместени топови „МГ-151“ со калибар од 20 милиметри, една купола „бола“, лоцирана во носниот дел, на долната страна од трупот на авионот, во која бил сместен еден топ „МГ-151“ со калибар од 20 милиметри и еден митралез „МГ-131“ со калибар од 13 милиметри, еден топ „МГ-151“ со калибар од 20 милиметри, лоциран во опашката на авионот, управуван од член на посадата сместен во лежечка положба, и по еден митралез „МГ-131“ со калибар од 13 милиметри, лоцирани на страните од трупот на авионот. Следниот развој на авионот довел до појавата на варијантата „А-5“. Оваа варијанта била подлежна на дополнителни теренски и фабрички модификации во конфигурацијата на вооружувањето, но највпечатливата промена била способноста за истрелување на високо развиена водена муниција како проектилот „ФРИТЗ-Х“. Натамошната варијанта на авионот, „А-6“, била модифицирана за лична употреба од страна на Адолф Хитлер, а варијантата „А-7“ се карактеризирала со дополнителна способност за носивост и испукување на високо развиена водена муниција како проектилот „ХШ-293“. Можеби највпечатливиот елемент на овој воздухоплов е дека претставувал база за развој на варијантата „Б-1“, која требало да претставува бомбардер со способност за летање на големи висини, индицирајќи на развој на воздухоплов за борбено-оперативни дејности врз територијата на САД. Авионот „Ју-290“ претставува значителен напредок и база за развој на концептите за воздухопловите „Ју-390“, „Хе-277“ и „Ме-264“, сите наменети за удар на стратешки цели на територијата на САД. Но, војната завршила пред овие концепти да бидат реализирани во примероци кои требале да бидат тестирани во насока на зацртаните цели на германската политика. Креативниот процес во дизајнирањето на бомбардер за оперативна дејност со голем дострел од страна на германските воени експерти, бил иновативен чекор. САД и Велика Британија зеале пример за развој на свои бомбардери со голем оперативен дострел во 1950-тите години.

Димитар Даневски





# Нови набавки за хрватската армија

На 24.11.2024 година, министерот за одбрана на Хрватска, Иван Анушиќ, со извршниот директор на компанија „Baykar”, Халук Бајрактар, потпишаа договор за набавка на 6 беспилотни летала „Bayraktar TB2“. Вредноста на овој договор изнесува 67.01 милијони евра без данок, а првата испорака треба да се реализира во септември 2025 година. Во договорот е опфатен целиот пакет за 6 беспилотни летала со нивната комплетна опрема, надзорни управувачки станици, станици за размена на податоци, обука на екипажот и техничкиот персонал, симулатори за летање, комплети со резервни делови, гаранција од 2 години и друго. Во беспилотното летало „Bayraktar TB2“ ќе се вгради оптичко-електронскиот систем ASELFLIR 500 од компанијата ASELSAN, наменет за извидување, набљудување и означување на цели. Инаку, на истиот датум, на хрватското Воено воздухопловство му беше предеден седмиот повеќенаменски борбен авион „Rafale F3-R“. Исто така, на 14.011.2024 година, на Седница на Владата на Хрватска, беше донесена одлука за набавка на 50 нови тенкови „Leopard 2A8“, но оваа набавка треба да се реализира како делумна купопродажба и компензација. Според изјава на министерот за одбрана на Хрватска, за донација на 30 тенкови „М-84“ и на 30 борбени возила на пешадијата „М-80“ (со резерни делови и муниција) на Украина, Сојузното Министерство за одбрана на СР Германија треба да изврши уплата од 144.800.000 евра во државниот буџет на Хрватска, во делот на Министерството за одбрана, кои ќе бидат наменети за набавка на тенковите „Leopard 2A8“, додека преостанатите финансиски средства за набавка ќе се планираат во државниот буџет.

Ивица Дамески



# Штит – симбол на сила и тактика

Штитовите се едни од најстарите заштитни средства што ги користеле луѓето во битки, од древните цивилизации до модерната ера. Нивната форма, материјали и употреба се менувале со текот на времето како резултат на еволуцијата на оружјето и борбените тактики. Низ историјата, штитовите биле важен дел од војувањето, а како што се развивале конфликтите така се менувале и дизајните на штитовите.

Најраните примери на штитови датираат од предисторискиот период, кога луѓето создавале заштитни орудија од материјали што им биле на дофат на раката. Првичните штитови често биле направени од органски материјали како дрво, кора од дрвја, испреплетени гранки и животинска кожа и биле користени за заштита од примитивни проектили како камења, копја и стрели и за одбрана од удари со тупаници и палки. Поради ограничените ресурси и технолошки вештини, овие штитови биле релативно едноставни и лесни. Нивната примарна функција била да обезбедат мобилна заштита без да го отежнат движењето. Овие штитови не биле многу издржливи, но биле соодветни за тоа време кога оружјето не било развиено. Кога штитовите првпат биле користени за војување, тие биле направени од едноставни материјали кои лесно се обработувале. Со развојот на цивилизациите, штитовите почнале да се изработуваат од поцврсти материјали и да се користат во пософистицирани воени стратегии. Од доцната преддинастичка ера до Средното кралство во Египет, штитот обично бил единствената форма на телесна заштита на египетските војници. Биле направени од говедска кожа, рамни на дното и стеснети кон врвот. Месопотамските цивилизации, како Асирците, користеле штитови од слични материјали, но понекогаш украсени со метални детали. Војската на Асирија била позната по употребата на големи штитови за заштита на целото тело, што им овозможувало на војниците да формираат цврсти формации во битка. Во Кина, штитовите биле направени од лакирана кожа со дрвена (најчесто бамбусова) рамка. Обично биле правоаголни и малку пошироки на дното. За рачка се користела лента од бамбус која поминувала низ средината на обратната страна. Со текот на времето, штитовите во Кина се развивале и се правеле од лакирани слоеви кожа или дрво, поврзани со ратан. За време на династијата Ќин (221 пр.н.е. – 206 пр.н.е.), се користела бронза, но таа била тешка и ги правела штитовите да бидат тешки за употреба. Популарен дизајн кој траел многу векови бил таканаречената „двојна арка“, при што левата и десната страна на штитот биле наклонети кон корисникот. Микенците од античка Грција користеле два главни облика во своите дизајни на штитови. Штитот во облик на кула, кој го штител целиот преден дел од телото, излегол од мода со воведувањето на бронзениот оклоп. Наместо тоа, бил прифатен штит во облик на бројот осум, кој станал многу популарен. Овие штитови биле направени од неколку слоеви кожа, често зајакнати со бронзени плочи. Полумесечести штитови, исто така се користеле на коњ, бидејќи нивниот дизајн се закривувал околу корисникот и овозможувал полесно јавање. Во времето на Грчко-персиските војни, најчестиот дизајн на штит кај Персијците бил голем правоаголен штит од плетени

врбови гранки, додека грчките хоплити користеле тркалезен дрвен аспис (хоплон), кој станал симбол на античката грчка култура. Она што го правело асписот толку ефикасен биле неколку фактори. Тој се користел заедно со штитовите од двете страни, создавајќи „ѕид од штитови“ со преклопени штитови, така што секој војник го штител оној до него. Дополнително, понапредниот облик на рачката ја префрлал тежината од зглобот на целата рака и рамо, што го правело штитот полесен за управување. Оригинално, Римјаните го користеле асписот, но тој на крајот бил заменет со автентичен римски дизајн. Околу 4 в. пр.н.е., иконскиот скутум се развил и станал симбол на римските легионери. Скутумот бил голем правоаголен штит кој нудел речиси целосна покриеност за римскиот легионер. Тој бил закривен назад, создавајќи полуцилиндарска форма, штитејќи ги страните на војникот. Конструкцијата се состоела од три слоја дрво залепени заедно, покриени со платно и кожа. Рачката била хоризонтална дрвена лента, заштитена од нападната страна со метален елемент во форма на чинија наречен „бос“. Иако асписот бил полесен за употреба и подолготраен од скутумот, вториот нудел повеќе заштита и кога се користел во толпа, можел да се употреби за создавање на познатата „тестудо“ или попозната како желка формација, која римските легии ја користеле во одредени ситуации. Тоа вклучувало легионери кои ги користеле своите штитови за создавање форма на кутија со покрив, нудејќи речиси целосна покриеност за единицата која ја спроведувала.
Во остатокот од Европа, германските племиња од Централна и Северна Европа обично користеле тркалезни штитови направени од дрво, кожа или плетени материјали, често со метални додатоци, вклучувајќи „бос“. Понекогаш материјалот „бос“ бил заменет со голем шилец, претворајќи го штитот во офанзивно оружје. Келтите усвоиле карактеристичен издолжен овален штит направен од дрво.
На почетокот на мрачниот век, Европа била поделена на многу помали, завојувани држави, секоја со свои стилови на штитови; дизајните на штитовите биле многубројни низ континентот. Од посебно значење е еволуцијата на штитовите во Англија, започнувајќи од времето на Викинзите. Викинзите користеле рамни, тркалезни штитови со едноставна рачка, често со „бос“. Ова го правело штитот да биде маневрирачки во индивидуална борба и исто така можел да се користи во „ѕид од штитови“. „Ѕидот од штитови“ бил витален дел од раното средновековно војување и речиси секоја голема битка во тоа време била борба меѓу луѓе



во ѕидови од штитови, обидувајќи се да ги пробијат формациите на непријателските ѕидови од штитови. Во Англија, нивните англосаксонски противници исто така користеле тркалезни дрвени штитови со речиси идентичен дизајн. Тркалезните штитови биле дизајнирани за пешадиски војски. Норманската инвазија на Англија во 1066 г. значително влијаела врз еволуцијата на штитовите, бидејќи фокусот на борбата се променил и војниците на коњи станале пораспространети. Норманците го вовеле штитот во Англија кој значително се разликувал од нивните тркалезни претходници, бидејќи бил дизајниран во форма на бадем или солза и се користел главно на коњ. И за разлика од тркалезниот штит, овој штит се закривувал навнатре по страните. Норманските штитови биле носени на подлактицата со употреба на два кожени ремени прикачени на внатрешноста на штитот. Долг ремен бил прикачен на штитот и се носел преку рамената, овозможувајќи му на носителот поголема подвижност при јавање. Со текот на времето, оклопите станувале подобри и штителе поголем дел од телото. Ова ја намалило потребата за штитови, а штитот во форма на бадем се намалувал сè додека не добил класичен триаголен облик кој се користел (и сè уште се користи) за прикажување на сложени хералдички дизајни. Додека некои штитови станувале помали, се појавила потребата за поголеми штитови за стрелците со самострел. Штитот наречен „павис“ бил голем со правоаголна форма кој можел да се постави на земја без потреба да се држи. Зад него, стрелецот со самострел можел да ги користи двете раце за да го подготви механизмот за полнење на самострелот. „Пависот“, исто така бил користен и од мускетарите, кога барутот ги заменил самострелите како примарен начин за исфрлање проектили. За војниците од пешадијата, подобриот оклоп бил достапен, а технолошките промени на бојното поле довеле до премин кон долги оружја. Зголемениот број на коњаници исто така барал поефективни средства за нивно спротивставување. Во доцниот





15 век, копјето почнало почесто да се појавува на бојното поле и во текот на следните два века доминирало на полето на битките. Копјето било долго и барало две раце за ракување, правејќи го штитот неупотреблив за копнените војски. Барутот направил шадијата со меч и штит да биде заменета со мускетари кои ги придружувале копјаниците во „копје и мускета“ формација. Иако штитот речиси исчезнал од бојното поле, сепак се нашол на улиците, каде што се користел при двобои, иако во многу помала форма. Мечувањето станало популарна активност за време на ренесансата. Додека десната рака била зафатена со мечот, левата рака можела да држи нешто друго. Многу предмети се користеле во помошната рака: ножеви, наметки и мали штитови наречени „баклери“. Овие штитови биле совршено надополнување на исклучително брзите движења потребни за мечувањето, и иако биле присутни стотици години порано, доживеале зголемена употреба во урбана средина. Во други, помалку технолошки развиени делови на светот, луѓето правеле штитови од разновидни материјали. Абориџинските Австралијанци изработувале штитови од дрво и кора, додека многу африкански племиња останале на испробаниот и докажан метод на изработка на штитови од кожа. Штитовите на племето Зулу се примери за кожни штитови користени во 19 век.
Со појавата на огненото оружје во 15 и 16 век, традиционалните штитови полека почнале да излегуваат од употреба. Мечевите и стрелите повеќе не биле главното оружје на бојното поле. Истреланите куршуми од огненото оружје можеле лесно да ги пробијат дрвените и металните штитови. Во овој период, оклопите за целото тело и тактичките утврдувања станале приоритет во војувањето. Строеви од војници вооружени со мускети и бајонети се соочувале со брзи коњаници вооружени со сабји и разорни топови. Сè до Наполеоновите војни, штитот речиси никаде не се употребил на бојното поле. Во Првата светска војна имало неколку неуспешни обиди да се вратат штитовите во употреба. Во модерното време, пластиката и сложените соединенија повторно ја оживеале можноста за лична заштита во форма на оклоп и штитови. Штитовите нашле нова примена, особено во полицијата и кај специјалните сили. За заштита од огнено оружје и експлозии се користат т.н. балистички штитови. Направени од напредни материјали како кевлар и композити отпорни на куршуми, станале неопходни во современите антитерористички операции и улични немири. Балистичките штитови често доаѓаат со прозорци од непробојно стакло со цел заштитено следење на ситуацијата. Некои современи штитови имаат интегрирани светилки, камери и други додатоци кои го олеснуваат извршувањето на операциите.
Современите штитови се идентични по својата форма со нивните претходници. Големи правоаголни штитови се користат за одржување на линија, додека малите полициски единици со тркалезни штитови прават брзи налети во толпата за да извршат апсења пред да се вратат зад „штитниот ѕид“. Еволуцијата на штитовите е долга и комплексна приказна за тоа како луѓето се обидувале да ја подобрат својата одбрана низ вековите. Од едноставни дрвени штитови до балистички уреди отпорни на куршуми, секоја етапа во развојот на штитовите е тесно поврзана со развојот на оружјето и стратегиите во војувањето. Штитовите биле не само заштитни средства, туку и симболи на моќ, статус и идентитет, што ги прави важен дел од воената и културната историја на човештвото.

Александар Стојчевски

# 16. Армиско првенство во крос-кантри трчање



Во Спортскиот центар „Хиподром“ во Скопје се одржа 16. Армиско првенство во крос-кантри трчање во организација на ГШ на Армијата, заедно со Советот за воени спортови и МО со учество на 100-тина воени лица и цивили од атлетските клубови. Се трчаше на 8 км за мажи и 4,8 км за жени. Во машка конкуренција, од воените лица првото место го освои Милош Ранчиќ со време 26:55, втор беше Жан Тосев, а трет Трајче Илијевски. Првото место во категоријата цивили го освои Роберто Димитриевски од АК „Велес“ од Велес. За магазинот „Штит“, Роберто Димитриевски информираше дека втора година едно подруго учествува на ова армиско првенство и оценува дека е одлично организирано. Тој беше особено среќен и горд што втора година по ред од организаторите добива златен медал за освоено прво место. „Горд сум што учествувам на ова одлично организирано Армиско првенство на кое ние атлетичарите од атлетските клубови трчаме и се натпреваруваме заедно со припадниците на Армијата.Трките се убава можност да се запознаеме и да се дружиме и таа соработка и натпреварите ќе ги продолжам и во 2025 г.“, најави Димитриевски. Во женска конкуренција, првото место го освои Емили Ивановска од АК „Скопски маратон“ со време 21:09, која беше прва и во севкупниот пласман кај жените. Кај воените лица прва беше Дијана Лапевска од 2. механизирано-пешадиски баталјон, втора беше Марија Димовска од Баталјонот за специјални сили, а трета Дијана Атанасовска од воздухопловниот ВИНГ. Организаторот на сите наградени поединечно и екипно им врачи дипломи и медали. Организаторите информираа дека секоја година на оваа првенство има сè поголем број учесници и дека целта е постигната – заедничкото дружење преку спортот.

А.Д.

# Енкриптиран VoIP телефон „Aselsan 2121“




## Технолошки напредок за безбедни, тактички и стратешки комуникации

Енкриптираниот VoIP телефон „Aselsan 2121“ претставува технолошки напреден уред наменет за безбедни и високозаштитени комуникации, кој има клучна улога во тактички и стратешки системи за команда, контрола, комуникација, компјутери и разузнавање (C4ISR). Дизајниран со фокус на робусност и сигурност, овој телефон поддржува енкриптирани гласовни, IP податочни и видеокомуникации на ист терминал, што го прави мултифункционален уред во согласност со стандардите на НАТО, способен да користи одобрени воени и НАТО алгоритми за енкрипција.Оваа технологија овозможува јасна и енкриптирана комуникација преку тактичките терминали на „Aselsan“, како што се TASMUS терминалите, но и лесна интеграција со NATO VoIP телефони и со комерцијални VoIP уреди. Покрај тоа, телефонот е компатибилен со H.323 и SIP сигнализациски системи и поддржува комерцијални H.323 Gatekeepers, SIP сервери и Gateways, како и енкриптирани комуникации преку Aselsan GSM Encryption Module. Ова го прави уредот многу флексибилен, идеален за различни потреби во комуникацијата.
Од технички аспект, „Aselsan 2121“ има исклучително широк опсег на можности за кодирање на гласовни пораки. Поддржува повеќе аудиокодекси, вклучувајќи MELPe, CELP, G.711 и G.729, овозможувајќи приспособливост на квалитетот на звукот, во зависност од средината и конкретните комуникациски барања. Уредот, исто така, е компатибилен со IEEE 802.3af стандарди за напојување

| КАТЕГОРИЈА | КАРАКТЕРИСТИКА | ОПИС |
|---|---|---|
| **Општи информации** | Енкриптирани комуникации | Поддржува енкриптирани гласовни, IP податочни и видео комуникации за безбедност во C4ISR системи. |
| | NATO SCIP стандард | Уредот е во согласност со NATO SCIP стандардите и користи одобрени воени и NATO алгоритми за енкрипција. |
| **Апликации** | Јасна/енкриптирана комуникација | Компатибилен со Aselsan TASMUS тактички терминали и NATO VoIP телефони. |
| | Комерцијални VoIP мрежи | Овозможува комуникација со комерцијални VoIP телефони, H.323 Gatekeepers, SIP Servers и Gateways. |
| | GSM Encryption Module | Поддржува енкриптирана комуникација со GSM Encryption Module на Aselsan. |
| **Технички спецификации** | Сигнализација | Поддржува H.323 и SIP сигнализација. |
| | Порт за PC конекција | Ethernet 10/100 Mbps за поврзување со PC. |
| | Гласовно кодирање | MELPe, CELP, G.711, G.729 за високо квалитетна аудио комуникација. |
| | Напојување преку Ethernet (PoE) | IEEE 802.3af и AC/DC напојување. |
| | QoS Контрола | IEEE 802.1p/q за подобар квалитет на сервис. |
| **Воени спецификации** | Издржливост | Дизајн отпорен на сурови воени услови и усогласен со TACOMS Post 2000. |
| | Температурен опсег на работа | Од -40°C до +55°C за работа; -40°C до +70°C за складирање. |
| | Влажност | Издржливост до 95% на +40°C. |
| **Безбедност на уредот** | Сигурно бирање | Со вграден национален алгоритам за енкрипција и поддршка на SCIP режим. |
| | Автентикација | Користи Crypto Ignition Key (CIK) за безбедна автентикација. |
| | Итно бирање | Копче за итно бришење на податоци за дополнителна безбедност. |
| **Општи карактеристики** | VoIP и видеокомуникација | Обезбедува енкриптирани VoIP и видео комуникации во мрежата. |
| | Кратки пораки (SMS) | Овозможува испраќање на кратки текстуални пораки. |
| | Кориснички интерфејс | Лесен и пријателски интерфејс, погоден за брзо користење и конфигурирање. |
| **Дополнителни услуги** | Управување со повици | Вклучува функции за пренасочување, задржување и трансфер на повици. |
| | Конференциски повици и мултикаст | Овозможува конференциски повици и Мултикаст со конференциски сервер. |
| | Идентификација на повикувачот | Поддржува CLIP, CLIR, COLP и COLR услуги за идентификација на повикувачот. |

преку Ethernet (PoE), што го прави енергетски ефикасен и лесен за напојување преку мрежната конекција, со можност за контрола на квалитетот на услугата (QoS) преку IEEE 802.1p/q стандарди. Дополнително, функцијата за избегнување на шум ја подобрува звучната јасност, обезбедувајќи непречена комуникација дури и во бучни услови.Како воен уред, „Aselsan 2121“ е дизајниран да издржи најекстремни услови. Неговата робусна конструкција е во согласност со концептот на мрежно-центрирана војна и ги исполнува критериумите TACOMS Post 2000. Температурниот опсег на работа е од -40°C до +55°C, додека опсегот за складирање достигнува до +70°C. Телефонот може да работи во влажни средини со влага до 95% на +40°C, што ја потврдува неговата трајност и издржливост за теренска употреба во различни климатски услови. На полето на безбедноста, Aselsan 2121 има вградена поддршка за сигурно бирање и SCIP (Secure Communications Interoperability Protocol) за безбедни комуникации и поддршка за национален алгоритам за енкрипција. Безбедноста е зајакната со функцијата за автентикација преку Crypto Ignition Key (CIK), што осигурува дека само овластени корисници имаат пристап до уредот. Телефонот има и копче за итно бришење на податоци, што овозможува брзо бришење на чувствителни информации во итни ситуации.
Покрај основните комуникациски функции, „Aselsan 2121“ поддржува VoIP и енкриптирани IP комуникации преку LAN мрежи, како и видеокомуникација и испраќање на кратки пораки (SMS). Корисничкиот интерфејс е дизајниран да биде интуитивен и лесен за употреба, вклучувајќи бирање од телефонски именик, приоритетни повици, трансфер на повици, конференциски разговори, како и multicast-комуникации за емитување на комуникациите на повеќе корисници. Како технолошко решение кое ги надминува стандардите, „Aselsan 2121“ се позиционира како сигурен и софистициран избор за воена и тактичка комуникација. Неговата компатибилност со широк спектар на уреди, неговата функционалност и издржливост и во најтешките услови, го прават овој телефон значаен ресурс за модерните безбедносни и воени мрежи, обезбедувајќи висок степен на доверливост и сигурност на податоците.

м-р Реџеп Мустафовски
м-р Бобан Темелковски



# Хаубица „С3“ 105 мм

Хаубицата „С3“ 105 мм е орудие на копнената артилерија, развиена, дизајнирана и произведена од „RDM Manufacturing“ од Ротердам, Холандија. Кон крајот на 1998 година оваа хаубица е ставена во употреба во резервните сили на армијата на Канада. Конструктивните и балистичките особини на оваа хаубица овозможуваат таа да биде способна за употреба на секаков вид земјиште. Хаубицата е наменета за: неутрализирање или уништување на непријателска жива сила и огнени средства во заклон и надвор од заклон; уништување на лесно утврдени бункери и други фортификациски објекти; неутрализирање на непријателска артилерија и минофрлачи; уништување на непријателски оклопни и моторизирани средства.
Хаубицата е оспособена и за влечење со моторно возило. Брзината на движење на хаубицата закачена на моторно возило е до 50 км на час по добри патишта, а за останатите видови патишта, брзината зависи од квалитетот на патиштата.
Оваа хаубица е основа за развој на многу варијанти со калибар 105 мм ширум светот. За оваа хаубица може да се каже дека е карактеристична по својата цевка од 33 калибри и по препознатливата гасна кочница на устата на цевката. Може да ги истрелува сите НАТО 105 мм проектили, како и оние со зголемен дострел до 18 километри. Овој тип хаубица користи полусоединети проектили.

Славчо Кузманоски

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ХАУБИЦАТА „С3“ 105 ММ | |
|---|---|
| **Конструктивни податоци** | |
| **Калибар на цевката** | 105 мм |
| **Послуга** | 7 |
| **Рок на цевката** | 7500 куршуми |
| **Максимален дострел** | 18000 м |
| **Почетна брзина на проектилот** | 507 м/с |
| **Вертикално поле на дејство** | до 1245 илјадити |
| **Хоризонтално поле на дејство** | 409 илјадити во десно и лево |
| **Тежински податоци** | |
| **Тежина на хаубицата во положба за стрелба** | 2380 кг |
| **Податоци за димензиите** | |
| **Должина на хаубицата** | 7,53 м |
| **Ширина на хаубицата** | 3,80 м |
| **Висина при елевација на цевката од 89 илјадити** | 1,6 м |
| **Висина при елевација на цевката од 1245 илјадити** | 4,56 м |
| **Останати податоци** | |
| **Потребно време за подготовка на хаубицата за стрелба** | 3 минути |
| **Цевка** | Еднослојна, зајакната |
| **Тип на затворач** | Хоризонтално-клинест |
| **Тип на ударниот механизам** | На повлекување |
| **Тип на хидрауличната кочница и Повратник** | Хидропневматски, со слободен клип |
| **Тип на лафет** | Двокрак |




# Едрилица „Рода“ („Штрк“)

Претходно, но и во текот на првите години после завршувањето на Втората светска војна, се покажало дека авијатичарскиот, а посебно пилотскиот потенцијал, имал значајна улога во севкупниот општествен и воен развој, како и во унапредувањето на државата воопшто. Врз основа на таквата премиса, развојот на воздухопловството во тогашната Федеративна Народна Република Југославија бил многу засилен. Акцентот бил ставен на масовната обука на пилоти на авиони, а како база за нивно оспособување била прифатена основната обука на едрилици.

По завршувањето на Втората светска војна континуирано биле објавувани конкурси за нови членови во сите аероклупски центри во државата каде што егзистирале летачки школски центри. Меѓу нив била и првата Скопска едриличарска школа, подоцнежен школски центар на Аероклубот „Скопје“ во Скопје. Во такви услови и околности, а според зацртаните планови, бил реализиран и замислениот проект за планер-едрилица со две седишта. Првенствено проектот бил за основна обука на нови едриличари, напуштајќи ги старите системи за обука, со користење на потпори или „бесилки“. Оригиналното и популарно име на таа едрилица беше „Рода“, што преведено на македонски јазик е „Штрк“. Првата ваква едрилица на македонска територија била добиена во аероклубот во Скопје, кон крајот на 1951 г., кога започнала и нејзината непосредна употреба во пилотските обуки.
Инаку, сфаќајки ги вистинските потреби на аероклубовите за погодна едрилица за почетна обука на новите пилоти-едриличари, веќе искусниот југословенски конструктор на планери, Иво Шоштарич, го проектирал и овој прв школски двосед во тогашната држава. Со текот на времето овој проект продолжил да се развива и доживеал извесни промени – модификации. Тие, пред сè, се однесувале на извесно затворање на пилотската кабина и употреба на поголем дел метални материјали за изградба на трупот. И покрај тоа, „родите“ не претставувале некој врвен авијациски технолошки дострел за тоа време, но овозможувале масовна и безбедна едриличарска обука. Со нив значајно била олеснета основната едриличарска обука, споредено со обуката на едноседечките планери. Двете седишта на оваа едрилица биле поставени едно зад друго, при што пилотот-наставник седел на задното поткренато седиште, а пилотот на обука седел на предното седиште. На тој начин наставникот имал директен преглед врз однесувањето на ученикот и можност за директно да ги корегира неговите грешки во текот на летањето.
Благодарение на едноставноста на проектот и на самата конструкција на овој планер-едрилица, таа била изработувана во големи серии. После 1951 г., нејзината сериска изработка се спроведувала во повеќе претпријатија во тогашна Југославија, а меѓу нив било и воздухопловното претпријатие во Скопје. Како многу барана едрилица, во текот на 1954 г. таа се појавила и во нејзината подобрена верзија. Добила „вистинска“ пилотска кабина, оформена со метални рамки и надолжни врски, финално покриени со дебело импрегнирано платно. На предниот дел на кабината, непосредно пред пилотот, бил додаден и проширен ветробран изработен од плексиглас. Тој ги штител пилотите од директните

удари на ветрот. Влезот во кабината бил директно или преку подвижна врата, вградена на левата страна на трупот, во пределот на седиштата.
Кај поголемиот дел од произведените едрилици од овој тип не постоеле врати. Се влегувало со едноставно прескокнување на кабинските страници. Под кабината на трупот, во улога на подвоз, централно, било поставено фиксирано гумено ротирачко тркало. На тој начин било избегнато поставување на нефункционална дрвена скија, како полесен начин на полетување и слетување.
Со вака изведената затворена пилотска кабина значително се зголемила и нејзината аеродинамика, а се намалиле и дополнителните непотребни отпори. Со тоа се подобриле и севкупните летачко-технички карактеристики, како и удобноста на летањето. Првично, само во предниот кабински дел, пред предното седиште, биле монтирани основни пилотски инструменти за дневно летање. Тие влегувале и во видното поле на наставникот од кренатото задно седиште. Во текот на развојот на оваа едрилица биле додадени идентични пилотски инструменти и пред пилотот од задното седиште.
Едрилицата „Штрк" има и еден особен куриозитет. За првпат во тоа време крилото на едрилицата било целосно преземено од едрилицата „Чавка", со истиот аеропрофил (попречен пресек) „Clark Y. Заради дополнително зацврстување на целокупната конструкција, на двете страни, меѓу крилата и трупот, биле поставени и коси метални поткрепи. Вертикалниот и хоризонталниот стабилизатор биле изработени со дрвена конструкција, делумно зајакнати со тенка дрвена лепенка и финално обвиткани со импрегнирано платно.
Должината на едрилицата „Штрк" изнесувала 7 метри. Распонот/ растојанието на крилото изнесувало 12,75 м, а неговата вкупна површина 16,7 м2. Височината на едрилицата кај вертикалниот стабилизатор изнесувала 2 метри. Сопствената маса /тежина на леталото, изнесувала 125 кг, подоцна 135 кг., а максималната дозволена полетна маса и била 280 килограми. Финесата на едрилицата изнесувала 15, што за тоа време била добра летачка карактеристика. Бројка на финеса, без име, е објаснување за најдолг слободен прелет од одредена височина. Во овој случај, приближно кажано, при финеса 15, од 1000 м. височина, едрилицата би прелетала оддалеченост од 1500 метри. Со овие карактеристики, оваа масовно употребувана едрилица претставувала вистински патоказ во кој правец треба да се градат едрилиците за обука.







Едрилица „Штрк"

цртеж: Ѓ. Чачкиров

Покрај тоа, податокот дека оваа едрилица се користела до средината на шеесеттите години на минатиот век, сам по себе говори за нејзината летачка и употребна вредност. И на македонскиот простор вистинските масовни едриличарски обуки се вршеле токму со оваа едрилица. Била перманентно користена во аероклубовите во Скопје, Битола и Куманово. Голем број наши едриличари, подоцнежни пилоти на авиони и хеликоптери, својата основна пилотска обука ја оствариле токму на оваа едрилица.

Кон средината на педесеттите години на 20 век, биле подарени 5 примероци од оваа едрилица на Воздухопловната федерација на Грција. Подоцна едрилицата била произведувана со лиценцав и кај јужниот сосед.
На крајот ќе кажам дека кај нас останаа само спомените едрилицата, сочувани во сеќавањата на малкутемина, сè уште живи македонски воздухопловни легенди но, секако, оваа едрилица ќе остане трајно забележана во мојот аеродневник и фотографска збирка.
Ѓорги Чачкиров



# Воениот музеј на Бангладеш

Доколку сакате да добиете комплетна слика за воената историја на Бангладеш, тогаш посетата на Музејот на воената историја на Бангладеш ќе ви го овозможи тоа.. Изведбата на музејот е фасцинантна, модерна и овозможува уникатно доживување, како и комплетно запознавање со сите родови и видови кои се застапени во армијата на Бангладеш. Музејот е лоциран во централниот дел на главниот град на Бангладеш – Дака.

Воениот музеј на Бангладеш е отворен во 1987 година под името Армиски музеј. Во 1999 година, заедно со сите експонати, музејот е дислоциран на денешната локација. Музејот е реновиран и морернизиран изминативе години и во јануари 2022 година повторно е отворен за посетителите. Бројот на посетители кои во текот на годината го посетуваат музејот достигнува од 900.000 до еден милион. Во својата колекција музејот има над 1200 крупни артефакти, почнувајќи од 1857 година до денес, но повеќето главно датираат од периодот 1947 – 1971 година.

Музејот е поделен во секции во кои се поставени постојани тематски поставки, од кои едната е изложена во отворениот дел на музејот, додека останатите се во внатрешноста на зградата. Веднаш после влегување низ капијата во дворот на музејот има уметнички скулптури од метал во форма на војници, поставени во позиција на извршување задача. При влегување во главната зграда на музејот наидувате на колекција на модели од средновековни бродови кои биле употребувани од морнарицата на Бангладеш. Во десната страна на музејот е поставката посветена на историскиот развој наречена „Победа“. Топовите кои биле користени во битката кај Пласеј, реплика на брод од XVII век наречен „Сараган“, и.т. се претставени во овој дел. Овде се наоѓа и хеликоптерот „AW 109“, како и диорама во реална големина со припадници на специјалните единици додека користат патролен брод.  Следната галерија е посветена на копнениот дел од војската на Бангладеш, кој е претставен низ неколку карактеристични експонати како што се: „Jeep Willeys“, користен за време на револуцијата, првото знаме на државата, остатоци од оклопниот транспортер „БТР-80“, кој бил користен во мисија под знамето на Обединетите нации и други експонати. Во овој дел се истакнува голема и добра колекција на лесно пешадиско вооружување, но и колекцијата на униформи кои се користени од армискиот состав на војската на Бангладеш. Веднаш до изложените артефакти се поставени и две диорами, едната од нив демонстрира специјални единици кои изведуваат рапелинг, а во другата диорама се претставени пешадиски единици кои изведуваат извидувачка задача. Галеријата посветена на военото воздухопловство е следната поставка. Еден од карактеристичните експонати кои се изложени во овој дел е беспилотното летало од турско потекло, „Bayraktar TB2“. Покрај него, во овој дел има и симулатор за летање во кој посетителите може



без дополнителна доплата да влезат, просторот е исполнет со неколку воздухоплови и макети во вистинскиот размер во кој биле или сè уште се користат во воеnото воздухопловство како: „DA40NG“, „Eurocopter AS365 Dauphin“, „Mi-17“, „МИГ -21“ и други. На самата надворешност на музејот т.е на неговиот покрив, поставена е макета од борбениот авионот „МИГ 21“ со неговата бочна страна.
Надворешната поставка има кружна поставеност, која во централниот дел има водена површина во која се поставени експонати кои се поврзан со морнарицата на Бангладеш. Во централната водена површина се поставени неколку експонати, од кои едната е подморница, додека другите се патролни и торпедни бродови.
Кружната изложбена просторија има 18 експонати и истата е поделена во три целини. Првата целина започнува со сегмент од бродски топ, по кој следува авионот „Chengdu F-7BG“,потоа продолжува сет на противподморничка опрема од торпеда до подводни бомби итн. Во првиот сегмент се изложени и самоодни артилериски орудија и оклопни транспортери. Втората целина е посветена на тенковите и оклопните возила. Тука се изложени: „Chaffee“, „M4 Sherman“, „MTLB“ и други. Третата целина од изложбената просторија е со мешан експонати. Најдоминантен е авионот „МИГ-21“,потоа „FM-90 SAM“ и неколку артилериски орудија.
Влезниците во музејот се со минимални цени, со оглед дека за возрасни лица влезот изнесува само 2,5 евра Купувањето на влезниците се одвива исклучително преку интернет.
Работното време на музејот е секој ден, со исклучок на среда, кога музејот е затворен за посетители. Во деновите сабота, недела, понеделник и вторник, музејот има работно време во две смени, и тоа прва смена од 10.00 до 13.00 часот и втора смена од 15.00 до 18.00 часот. Во деновите четврток и петок работното време е во една смена, од 10.30 до 19.00 часот.
Музејот во својата понуда на посетителите им нуди и простор за освежување во кафе-барот, продавница за сувенири, просторија за семинари и уметнички изложби, кино-сала и други можности. Со еден збор, комплетен објект за културно развивање и созревање. Музејот на воената воената историја на Бангладеш нуди несекојдневно искуство и со својата постојана поставка на артефакти нуди незаборавни спомени за посетителите.



Златко Блажески

# Седници на одлуки на Извршниот одбор

Во текот на месец декември се одржаа две седници на Извршниот одбор на Организацијата на резервни офицери на Македонија, осумнаесеттата и деветнаесеттата седница, со кои раководеше претседателот, д-р Гоце Георгиев.
Осумнаесеттата седница се одржа во просториите на Организацијата на резервни офицери во Скопје на 12 декември, додека деветнаесеттата седница се одржа во Домот на Армијата во Скопје на 20 декември.
На осумнаесеттата седница, на која присуствуваа сите членови на Извршниот одбор, се работеше според следниот дневен ред: одлука за ангажирање на Јован Букревски по договор на дело за извршување на административно-технички и стручни работи во Организацијата; одлука за спроведување на избори во ОРОРСМ; одлука за свикување на VI седница на Собранито; одлука за попис и за други значајни документи за успешно функционирање на Организацијата.
Образложение на одлуките дадоа претседателот д-р Гоце Георгиев и стручниот соработник Тони Мицевски, при што тие беа усвоени едногласно.
На деветнаесеттата седница се работеше според следниот дневен ред: одлука за благајнички максимум во 2025 година; одлука за доделување на финансиски средства на општинските организациони единици во 2025 година,



за реализирање на активности од областа на обуката и едукацијата и одлука за одбележување на значајни настани, личности и годишнини во 2025 година. Значајно е да се напомене дека овие одлуки беа прифатени еденогласно.

# Седница на ИО на Градската организациона единица на Скопје

На 14 декември во Скопје, во објектот на ОРОРСМ, се одржа седница на Извршниот одбор на Градската организациона единица од Скопје. Седницата, која се одржа во проширен состав, со учество на триесетина членови, се состоеше од два дела, работен и свечен дел.
На работниот дел се расправаше за Извештајот на активности во 2024 година и за Програмата за обука во 2025 година.
Образложение за Извештајот даде претседателот Душко Насковски, со посебен осврт на практичните активности од обуката како што се гаѓањата со пешадиско вооружување (пушкомитралез 7,62 мм, автоматска пушка 7,62 мм и Државниот натпревар во гаѓање со пиштол 7,62 мм) и кондиционо-едукативните маршеви, збогатени со предавања од областа на географската и топографската ориентација. Исто така, посебно беше потенциран маршот кој самостојно го реализира Градската организација на Скопје со 30-тина резервни офицери и подофицери во реоните на Катланово, Блаце и Кожле, при што беа посетени и висечките мостови на Вардар и Пчиња.
Во однос на Програмата, беше истакнато дека Градската организациона единица од Скопје ќе учествува на сите активности организирании од Републичката организација и самостојно и дополнително ќе организира најмалку два до три маршеви со по 40-тина учесници. Генералниот секретар, Никица Бангиева, ги информираше присутните дека на 12 декември се одржа седница на Извршниот одбор на ОРОРСМ и на истата се донесени неколку одлуки, меѓу кои и одлука за свикување на VI собрание, со цел распишување на избори во ОРОРСМ. По завршувањето на работниот дел беше организирана скромна закуска со сопствени средства на членовите, која помина во мошне пријатна атмосфера и убаво заедничко дружење.



# VI седница на Собранието на ОРОРСМ

На 20 декември 2024 година во Скопје, во Домот на Армијата, се одржа Шестата седница на Собранието на Организацијата на резервните офицери на Македонија.
Во работата на овој највисок орган на Организацијата учествуваа 22 делегати, како и претседателите на општинските организациони единици.
Седницата ја отвори претседателот на Организацијата на резервни офицери, д-р Гоце Георгиев, кој ги поздрави присутните претставници во Собранието на ОРОРСМ, претседателите на општинските организациони единици и гостите, а потоа го предложи дневниот ред за работа на Шестата седница.
На почетокот од Седницата беа формирани работните тела: Работно претседателство од тројца членови, Верификациона трочлена комисија, двајца оверувачи на записникот и записничар, а потоа се продолжи со работа по единствената точка од дневниот ред – донесување одлука за спроведување на избори во ОРОРСМ.
Одлуката за спроведување на избори во ОРОРСМ беше едногласно донесена.



Тони Мицевски





# Народен херој Тихомир Милошевски-Тиќо

Тихомир Милошевски е македонски партизан, генерал на ЈНА и народен херој на Југославија. Бил генерал-полковник и прв командант на македонските воени единици во текот на НОВ на Македонија. Прогласен е за народен херој на Југославија од Македонија на 29 ноември 1953 година.

Тихомир Милошевски-Тиќо е роден во Битуше, Гостиварско, на 23 јули 1915 година. Школувањето го започнал во родното село, а го продолжил во Тетово и во Ваљево во Србија, каде што завршил воено училиште. До почетокот на Втората светска војна работел како офицер во Југословенската кралска војска. Војната ја дочекал како командир на пограничен вод во Цариброд на југословенско-бугарската граница.
Тука, при нападот на фашистите бил ранет, од каде се упатил во Топлица, во куќата на еден свој војник. Откако закрепнал, Тихомир Милошевски се упатил кон Скопје, каде се приклучил кон Народноослободителното движење.
Поради таа негова активност набргу бил уапсен, а потоа интерниран на принудна работа во Горна Џумаја.
Во јануари 1942 година бил пуштен од интернација и заминал за Скопје, повторно приклучувајќи се на Народноослободителното движење. Во февруари бил поставен за командант на штабот во градот. Кон крајот на март му се приклучил на одредот во Скопска Црна Гора, но набрзо морал да се врати во градот, каде продолжил да работи на задачите на партијата. Во август 1943 година се приклучил кон Кавадаречкиот партизански одред „Добри Даскалов“, каде држел предавања и воени часови. Учествувал како командант на една чета при нападот на рудникот Дудица и во судир кај селото Михаилово.
Тихомир Милошевски учествувал и во Февруарскио поход, раководејќи со група баталјони, а при формирањето на Третата македонска бригада бил назначен за нејзин командант. Тој командувал со Третата бригада во сите судири од Сејац, преку Ристовац, Пробиштип, Кратово, Црнооко, Црна Трава, Црна Река, сè до Егејска Македонија и назад до Козјак. Во јули 1944 година, со еден баталјон заминал за Источна Македонија. Кога била била формирана Третата оперативна зона, Милошевски бил поставен за нејзин командант. При создавањето на првата дивизија во Македонија – 41. македонска дивизија, бил назначен за нејзин командант, сè до формирањето на Шеснаесеттиот југословенски корпус. Оваа дивизија, која била под негово раководство, ги ослободила градовите Прилеп, Битола, Охрид, Струга, Дебар, Кичево и некои други грагови. Милошевски зел активно учество и на Првото заседание на АСНОМ како делегат.
По ослободувањето на Македонија учествувал на Сремскиот фронт каде што бил поставен за командант на 48. дивизија во состав на XV македонски корпус, кој активно учествувал во пробивањето на Сремскиот фронт. Овој корпус е заслужен за ослободувањето на Винковци, на Славинска Пожега, на Загреб, па сè до Целје. При овие акции Милошевски бил ранет во битката кај Пакрац во Хрватска.
После војната извршувал функции на командант на дивизија, командант на наставен центар, началник на штаб на воено подрачје и други позиции.
Се пензионирал како генерал-мајор на тогашната Југословенска народна армија.
Во негова чест основното училиште во Ново Село, Општина Ѓорче Петров, го носи неговото име. Во македонската историја името на народниот херој Тихомир Милошевски е испишано со златни букви. Неговото дело и херојство е светол патоказ и за сегашните и за идните генерации Македонци..

Антоанела Димитриевска




# Челичниот генерал кој го смени текот на војната

Генералот Бернард Монтгомери бил воен лидер со спартански карактеристики, познат и под називот Монти. Тој е британски маршал кој од екцентричен и директен воен лидер во текот на Втората светска војна прераснал во национален херој. Во историјата ќе остане запаметен по својата стратешка вештина, уникатниот карактер, непоколебливата упорност и посветеност кон зацртаната цел. Овие особини направиле Монтгомери да биде еден од препознатливите воени лидери на XX век.

Животниот пат на генералот Бернард Монтгомери започнува во Лондон на 17 ноември 1887 година во семејство на татко кој е свештено лице и мајка која е домаќинка посветена на децата. Поради ангажманот на неговиот татко, Монтгомери честопати го менувал местото на живеење и повеќето од времето го поминувал со својата мајка која била строга. Овие два моменти од неговите млади години ќе остават голема трага врз него и ќе влијаат врз неговиот понатамошен живот и кариера.
Своето воено образование генералот Бернард Монтгомери го стекнал на престижната Кралската воена академија „Сендхурст“. Војничката кариера ја започнал во 1908 година, кога е промовиран во потпоручник и е поставен на служба со својата пешадиска единица во британска колонија во Индија.
Кога започнала Првата светска војна Бернард Монтгомери активно се вклучил во војната. Во битката кај Сома, Монтгомери ќе биде ранет во белодробното крило и во коленото од страна на непријателски снајперски оган. После долгиот период на закрепнување од раните, Монтгомери е поставен на штабни должности во повеќе единици, баталјон, бригада и дивизија. Искуствата кои ќе ги стекне во оваа војна ќе ги оформат дел од лидерските и личните карактеристики на генералот бернард Монтгомери, како што се упорност и непоколебливост во остварување на поставените цели.
Периодот помеѓу двете светски војни Монтгомери го користи за доктринарно проучување на можностите на механизираното војување. Во оваа етапа на животот Монтгомери доживува голема загуба во својот приватен живот – ја губи својата сопруга како последица на гангрена на едната нога. После оваа семејна трагедија, Монтгомери во целост ѝ се посветил на работата.
Најголемите достигнувања како воен лидер генералот Бернард Монтгомери ги достигнал во текот на Втората светска војна. Иако неговото учество во оваа војна започнува со експедициските сили, кои од страна на Обединетото Кралство биле упатени во Франција, Монтгомери особено се истакнал како врвен воен лидер со командувањето на Осмата армија во Африка и во битката кај Ал Аламејн во октомври 1942 година против германските единици предводени од командантот на силите, Еврин Ромел. Победата на Монтгомери со неговите единици беше прва голема

победа над силите на Оската и голем мотивациски поттик за понатамошните борби и победи. Оваа битка во голема мера го сруши митот за непобедливоста и незапирливоста на силите на Вермахотот. Методичкиот темелен пристап, деталното планирање, концентрацијата и кординацијата на силите биле причината за успехот во оваа битка.
После постигнатиот успех на африканскиот континент, генералот Бернард Монтгомери – Монти учествувал во операцијата „Хаски“ за ослободување на Сицилија. Осмата армија со која командува Монтгомери е вклучена и во ослободувањето на Италија. Во овие две операции тој честопати ќе биде во судир со своите колеги од американската армија, генералите Патон и Бредли, поради карактерите и на тројцата воени лидери. Но, овие компетитивни препирки не влијаат врз реализацијата на поставените цели против силите на Оската. Монтгомери беше дел и од операцијата „Оверлорд“ или Денот „Д“ за инвазија врз Нормандија.
Иако способноста на Монтгомери за водење на одлучни операции многупати се докажала, неуспешноста на операцијата „Маркет гарден“ во септември 1944 година за остварување на брза победа врз нацистите во Холандија, остава сенка во неговата војничка кариера. Но и покрај неуспехот на оваа операција, Монтгомери до крајот на војната остана присебен и истакнат воен лидер. На крајот на војната Монтгомери бил претставник на силите на Оската, кој го прифаќа предавањето на силите на нацистичка Германија во северозападна Германија, Холандија и Данска.





По завршувањето на војната генералот Бернард Монтгомери - Монти е поставен за началник на Генералштабот, во период од 1946 до 1948 година. Од 1948 година е дел од командната структура на „Western Union Defence Organization“ и од 1951 година е дел од НАТО т.е. SHAPE , каде бил заменик на Ајзенхауер. На оваа позиција се задржал сѐ до неговото повлекување од активна воена служба во 1958 година. Монтгомери починал на 88 години, на 24 март 1976 година во Алтон, Хемшир.
Како воен лидер сметал дека личното појавување и обраќање пред припадниците на единиците пред клучни битки значително ќе влијае врз борбениот морал и одржувањето на врската со пониските структури во единиците. Ова се покажало како мошне вистинито. Неговата способност да ги инспирира своите трупи е една од неговите карактеристични обележја како воен лидер. Други карактеристики на овој воен лидер се деталното планирање и познавање на непријателот и неговите постапки во одредени ситуации, комбинирано со здружено користење на авијацијата, морнарицата и копнените сили, со добра координација и особено внимавање на логистичките елементи. Неговиот стил на водење може да се опише како патерналистички т.е своите потчинети ги сметал за дел од поширокото семејство и ги чувствувал блиски, здобивајќи ја тој начин нивната почит и лојалност.
Историјата бележи неколку цитати изречени од страна на Монтгомери, но можеби најкарактеристичен е „Прва должност на лидерот е оптимизмот. Како твоите потчинети ќе се чувствуваат после средбата со вас? Дали се чувствуваат воздигнато? Ако одговорот е ‘не’, тогаш не сте водач.“.
Монтгомери е автор на неколку дела: „Патот кон лидерството“, „Уметноста на лидерството“, „Сеќавањата на маршалот“ и други. Во текот на својата кариера Монтгомери има добиено голем број (над 25) домашни и странски одличја, ордени и медали, а во негова чест неколку државни објекти го носат неговото име и се поставени на неколку споменици.
Како заклучок за овој воен лидер може да се каже дека за многумина тој е херој и исклучителен лидер (за граѓаните на Обединетото Кралство), додека дел од популацијата на него гледала како на ексцентричен лик кој имал повеќе пропусти во воеността раководење. Но, неоспорен е фактот дека како воена личност и лидер, генералот Монтгомери оставил голема трага во светската воена историја.

Златко Блажески



# Малиот бојаџија Тинторето

Јакопо Робусти Тинторето е роден во Венеција во 1518 година. Неговиот татко, Батиста, бил бојадисувач – „тинторе“ на италијански јазик и „тинтор“ на венецијански, така што оттука, неговиот син, всушност и го добил прекарот Тинторето, „Мал бојаџија“ или „Момче-бојадисувач“.

Многу малку е познато за детството и за обуката на Тинторето. Според неговите биографи, Карло Ридолфи (1642 г.) и Марко Бошини (1660 г.), неговото единствено формално стажирање било во студиото на Тицијан, кој налутено го отпуштил по само неколку дена или поради љубомора бидејќи бил студент којшто многу ветувал (во Ридолфи сметка) или поради судир на личноста (во верзијата на Бошини). Оттогаш врската меѓу двајцата уметници била лоша, и покрај восхитувањето на Тинторето кон Тицијан. Од своја страна, Тицијан активно го омаловажувал Тинторето, како и неговите приврзаници. Тинторето не продолжил со понатамошно формално изучување на сликарскиот занает, туку учел на „своја рака“ со макотрпна работа и ревност. Според Ридолфи, тој стекнал одредено искуство работејќи заедно со занаетчии кои украсувале мебел со слики од митолошки сцени и ја проучувал анатомијата со цртање на живи модели, но и на трупови.

Тинторето живел сиромашно, собирајќи гипсени барелефи и отпечатоци на коишто вежбал. Некое време, веројатно во 1540-тите, Тинторето се здобил со гипсени одливци на „Зора“, „Ден“, „Самрак“ и „Ноќ“ од Микеланџело, кои тој и неговата работилница ги проучувале во бројни цртежи направени од сите агли на сина хартија. Во тој период многу често работел и ноќе и дење. Неговата благородна концепција за уметноста и неговата висока лична амбиција се потврдуваат во самиот натпис што го поставил над своето студио, „Цртежот на Микеланџело и бојата на Тицијан“. Младиот сликар Андреа Скиавоне, кој четири години бил помлад од Тинторето, честопати бил во негово друштво. Тинторето бесплатно му помагал на Скијавоне, четири години помлад сликар кој работел ѕидни слики, а во многу последователни случаи, тој, исто така, работел бесплатно, и на тој начин успеал да придобие симпатии и сепак да добие некаква провизија.

За двете најрани мурални слики на Тинторето, за кои како и за претходните, не бил платен, се вели дека биле „Празникот на Валтазар“ и „Борбата на коњаниците“, кои се одамна исчезнати, како и сите негови фрески од тој период . Првото негово дело коешто привлекло значително внимание бил неговиот групен портрет со неговиот брат – вториот како свири на гитара, со ноќен ефект но, за жал, и ова дело е изгубено. После тоа следела некоја историска тема, која конечно Тицијан искрено ја пофалил. Една од раните слики на Тинторето која сѐ уште постои е во црквата „Кармин“ во Венеција е „Влегување на Исус во храмот“ (околу 1542 г.). Во 1548 година Тинторето добил задача да наслика голема декорација за Скуола ди С. Марко, „Чудото на робот“. Сфаќајќи дека комисијата му пружила единствена можност да се етаблира како главен

уметник, тој со извонредна грижа ја уредувал композицијата за да постигне максимален ефект. Сликата била триумфален успех, и покрај некои клеветници. Пријателот на Тинторето, Пјетро Аретино, ја пофалил работата, посочувајќи особено внимание на фигурата на робот. Како резултат на успехот на сликата, Тинторето добива бројни нарачки. За црквата „Сан Роко“ тој ја насликал сликата „Свети Рох како ги лекува жртвите на чумата“ (1549 г.), една од првите од многуте хоризонтални слики на Тинторето во голем формат. Тинторето речиси никогаш не отпатувал од Венеција. Неговите рани биографи пишуваат за неговата интелигенција и жестоката амбиција.  Според Карло Ридолфи, „тој секогаш размислувал на кој начин да се прогласи за најхрабриот сликар на светот“. Според тие текстови, Тинторето ги сакал сите уметности и како млад свирел на лаута и на други различни инструменти, некои од нив биле и негов изум и исто така, тој дизајнирал и театарски костими и сценографии , а бил добро упатен и во механиката и механичките уреди. Иако бил многу пријатен придружник, заради својата работа тој живеел главно во изолација . Дури и кога не сликал, вообичаено останувал во својата работна соба опкружен со гипс. Во својата работнс соба не примал речиси никого, дури и интимни пријатели, а методите на работа ги чувал во тајност, односно ги споделувал само со помошниците. Тинторето бил полн со пријатни духовити изреки за некои големи личности, но тој самиот ретко кога се насмевнувал. Тинторето одржувал пријателства со многу писатели и издавачи, вклучувајќи го и Пјетро Аретино, кој стана важен ран покровител. По завршувањето на „Рајот,“ Тинторето се одморал извесно време , но никогаш потоа не презел



некоја друга поголема работа, иако нема причина да се претпоставува дека неговите можности и сили биле исцрпени. Во 1592 година станал член на „Scuola dei Mercanti“. Во 1594 година Тинторето го фатиле силни стомачни болки придружени со треска, поради што не можел да спие и да јаде цели две недели.

Тинторето починал на 31 мај 1594 година. Тој е погребан во црквата „Мадона дел Орто“, покрај неговата омилена ќерка Мариета, која починала во 1590 година на триесетгодишна возраст.

м-р Трајче Чатмов





# „Хемингвеј и Гелхорн“

Филмот „Хемингвеј и Гелхорн“, кој е прикажан во 2012 година, во режија на Фил Кофман, е исклучителен биографски филм кој обработува моменти од животот на големиот американски писател Ернест Хемингвеј и неговата трета жена, воената репортерка Марта Гелхорн. Иако фимот „Хемингвеј и Гелхорн“, според жанрот е класифициран како љубовна биографска драма, треба да се нагласи дека во филмот се препознаваат и елементи на воен историски филм, со самото тоа што и Ернест Хемингвеј и Марта Гелхорн директно учествувале како воени репортери во најгорливите конфликтни подрачја и војни во светот. Сепак, најголем дел од дејствието на филмот се одвива во Шпанија, за време на Шпанската граѓанска војна, каде што се разгорува и нивната голема љубов и страст. Главните улоги во филмот ги играат актерите Клив Овен и Никол Кидман, но и ред други познати актери како Роберт Дивал, во улога на познат руски генерал, тапанарот на групата „Металика“, Ларс Улрих, го игра холандскиот режисер Јорис Ивенс, кој бил близок пријател на брачниот пар. Приказната во филмот за страствената бурна љубовна врска и бракот помеѓу големиот писател Ернест Хемингвеј и пионерката на военото новинарство Марта Гелхорн е заснована на вистинити настани и случувања. Марта Гелхорн била еманципирана, образована и храбра жена, која се прославила известувајќи директно од воените конфликтни жаришта во Европа и во светот. Марта Гелхорн пишувала новинарски репортажи за Шпанската граѓанска војна, за одредени операции за време на Втората светска војна во Европа (за истоварувањето и за битките во Нормандија), за војната во Виетнам и во Бурма, за војните на Блискиот Исток, но и за војните во Латинска Америка. Таа е првата репортерка која влегла и пишувала за концентрациониот нацистички логор „Дахау“.
Хемингвеј ја запознал Марта Гелхорн во период кога таа пишувала за париското списание „Вог“, некаде околу Божик 1936 година, во еден бар на Ки Вест во Флорида. Марта му предложила на Хемингвеј да известува за Шпанската граѓанска војна за „North American Newspaper Alliance“. Во тоа време Хемингвеј сè уште бил во брак со Полин Фајфер, но ја прифатил понудата на Марта и тие заедно ќе одат како воени репортери во Шпанија. Тие биле љубовници четири години, и за тоа време поминато во Шпанија ги пишуваат своите најдобри воени репортажи за Шпанската граѓанска војна. Хемингвеј се развел од Полин и се венчал со Марта во 1940 година во Вајоминг и потоа заедно заминале да живеат во Куба. Љубовната романса и бракот со Марта биле најголемата инспирација на Хемингвеј да го напише своето ремек-дело „За кого бијат камбаните“, за коешто мошне брзо по објавувањето









беше номиниран за „Пулицеровата награда“.
Извесен период од животот Ернест Хеминвеј и Марта Гелхорн живееле во Кина, од каде што Марта известувала за бомбардирањата од страна на Јапонија за списанието „Колиер“. Во Кина успеваат да направат интервју со Чан Кај Шек, кој се борел против кинеските комунисти, но и против Јапонците. Славниот писателско-новинарски пар, Хемингвеј и Гехорн, се разделе во 1945 година, а како причина, меѓу другото, се наведува и пиењето на Хемингвеј и сообраќајната незгода што ја предизвикал во алкохолизирана состојба, за што Марта Гелхорн била мошне лута и побарала да се раскине бракот. Марта Гелхорн била единствената од четирите жени на Ернест Хемингвеј која побарала развод од него.
Ернест Хемингвеј, за разводот од Марта Гелхорн изјавил дека, сепак, нему му е потребна потрадиционална жена, која повеќе ќе седи дома и ќе се грижи за него и за домот.
Режисерот на филмот, Фил Кофман, за Марта Гелхорн изјавил дека, иако Хемингвеј бил синоним за мажественост, Марта Гелхорн во многу нешта со нејзината храброст и решителност го надминала својот сопруг за време на нивните воени авантури и дека за него Марта Гелхорн претставува жена која е далеку пред своето време во однос на еманципираност, интелигенцијата, решителност и храброст.
Филмот „Хемингвеј и Гелхорн“ бил претставен пред филмската елита на Канскиот филмски фестивал, но не добил највисоки признанија. Критиките се однесувале на тоа дека има одредена мелодраматичност во филмското сценарио, но добил и многу позитивни критики. Како голема вредност во филмот се истакнува кинематографијата, односно сценските ефекти во прикажувањето на сцени од војната во црно-бела техника – како да е видено со окото на фоторепортерски фотоапарат од тоа време, а потоа се надополнува со колор техника со која се опишуваат моментите од животот и љубовта помеѓу писателот Ернест Хемингвеј и воената новинарка Марта Гелхорн. Позитивно е оценета и актерската екипа, особено мајсторските актерски трансформаци на Никол Кидман, која успешно го доловува ликот и карактерот на Марта Гелхорн од помлади години, но и нејзиниот лик од повозрасниот животен период на репортерката.

Ивана Лазаревиќ



**Режија:** Фил Кофман

**Жанр:** Биографска љубовна драма

**Улоги:** Клиф Овен, Никол Кидман, Роберт Дивал, Ларс Урлих

**Сценарио:** Џери Стејчл, Барбара Тарнер

**Продуценти:** Питер Кофман, Барбара Тарнер, Триш Хофман,Александра Рајан

**Дистрибутери:** „HBO Films“, „Attaboy Films“, „Walrus & Associates“

**Музика:** Хавиер Наварете

**Година:** 2012

**Јазик:** Англиски

**Земја:** САД

**Времетраење:** 154 минути

**Буџет:** 14 милиони долари



# Езерото и водопадот Гра... релакс...

На шест километри од Кочани, по патот кога се оди кон Пониква, во подножјето на Осоговските Планини е сместено Кочанското Езеро или, како што го нарекуваат жителите – вештачкото езеро Гратче. Во непосредна близина на езерото е и водопадот Гратче. И езерото и просторот околу водопадот се одлично место за релаксација и одмор. До езерото се стигнува возејќи низ убави предели. А, кога ќе стигнете таму, ќе почувствувате свеж воздух и ќе видите прекрасна природа. Околу езерото има и бројни извори на вода. Езерото, во издолжен облик, е изградено на местото каде што Мала и Голема Река ја формирале Кочанска Река во 1959 г., со цел водоснабдување на Кочанското Поле. Езерото е долго 1,2 км, широко е 0,2 км, должината на неговиот брег е 0,19 километри квадратни, а длабоко е 29 метри. Браната е висока 29 м и со врнежите, езерото, годишно, во просек, добива вода од околу 383.000 метри кубни. Во близина на браната се наоѓа археолошкиот локалитет „Долно Градиште“, за кој археолозите наведуваат дека градбите се некогашните Пајонија и Македонија од времето на Филип Втори. На самиот мост на браната се наоѓа спомен-плоча во чест на изградбата на браната. Околу езерото има патеки па, така, секој посетител може да го заобиколи и да ужива во убавите пејзажи. Планинските патеки се поврзани и со Пониква. Има и велосипедска патека која води од браната до Пониква преку Јастребник. Пределот е богат со специфични и ретки животински и растителни видови како што се врапчестата птица, водениот ќос кој нурка и под вода и други видови. Над браната има хотел со ресторан во кој посетителите може да ги вкусат осоговските специјалитети и да уживаат во прекрасната природа.

На оддалеченост од еден километар од езерото се наоѓа големиот водопад Гратче. До водопадот се стигнува преку патека. Најпрвин се оди по асфалтниот пат кој води до Пониква, па потоа десно се оди по тесна планинска патека која директно ќе ве одведе до водопадот. А, кога ќе стигнете дотау, ќе ве пречека убаво уреден простор со клупи и настрешници, каде што намерниот патеник може да се одмори и да се релаксира. Водата од водопадот паѓа од 20 м, жубори и создава преубава атмосфера. Водопадот настанал на мошне интересен начин –кога се градела браната имало помошна брана, па така од надојдените гранки, камења и земја на Голема Река се создал водопадот, кој претставува атракција за посетителите. И водопадот и езерото Гратче, навистина се места за уживање во природа, особено во пролет и во лето. Затоа одвојте еден ден за да го посетите овој предел во Македонија и да уживате во впечатливата осоговска природа.

Каролина Мицевска



# атче – места за одмор и
# кација














